СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 март 1993 година

Скопје, март 1993 година

**ПЕДЕСЕТ И ШЕСТА (56) СЕДНИЦА – ТРЕТО ПРОДОЛЖЕНИЕ**
**15.III.1993**

| | |
|---|---|
| 1. АНДОВ СТОЈАН | 1 |
| 2. АЛИУ ЕШТРЕФ | 9, 84 |
| 3. АБДИ ФАИК | 20, 32, 98 |
| 4. АРСОВСКИ БРАНКО | 31, 52, 53, 106, 107, 108 |
| 5. АНАСТАСОВСКИ МИТКО | 33, 35, 46 |
| 6. БОШКОВ ЈОРДАН | 10, 53, 54, 56, 57, 83, 105, 106 |
| 7. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР | 15, 17, 60 |
| 8. ГОШЕВ ТУШЕ | 75 |
| 9. ДАВЧЕВ САНДЕ | 91 |
| 10. ИВАНОВ ИВАН | 92 |
| 11. ЈОВАНОВ РИСТО | 23, 24 |
| 12. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН | 46, 79, 85, 90, 91 |
| 13. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | 4, 7, 9, 10, 13, 17, 19, 21, 23, 24, 25, 26, 30 |
| 14. ТАШКО КАРОВ | 28 |
| 15. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | 26, 33 |
| 16. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | 8, 92 |
| 17. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | 32, 92 |
| 18. ПАНЧЕ НАСЕВ | 45 |
| 19. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | 3, 15 |
| 20. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | 7 |
| 21. МИНОВСКИ МИХАИЛ | 12, 14, 18, 25, 26, 30, 61, 74, 92, 109 |
| 22. ПОПВСК НИКОЛА | 37, 83 |
| 23. ПОПОВСКИ КИРО | 41, 97, 98 |
| 24. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА | 2, 96 |
| 25. СЕЛМАНИ НЕИМ | 19 |
| 26. СТОЈКОВ СТОИЛЕ | 39, 44, 62, 63, 64, 65. 84 |
| 27. СТАНКОВСКИ РИСТО | 42, 43, 44 |
| 28. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА | 51 |
| 29. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ | 58, 80, 81, 95, 96, 101, 102 |
| 30. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ | 93, 103 |
| 31. САДИКУ ФЕРИД | 9 |
| 32. ТАИРИ ЏЕЛИЛ | 10 |
| 33. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР | 67 |
| 34. ХАНЏИНСКИ БЛАГОЈ | 49 |
| 35. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ | 1 |
| 36. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР | 57 |

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Третото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 15 март 1993 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала I со почеток во 11,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почнуваме со работа.

Пратениците Благоја Чкатроски, Димитар Димитровски, Александар Гештаковски, Ристо Стаменов, Биљана Лазаревска и Гоце Андоновски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и Собранието може полноважно да одлучува.

Ве известувам дека претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага денешната седница да започне со 60-та точка од дневниот ред, односно точките за избори и именувања и разрешување од надлежност на Собранието, поради тоа што предложени- те одлуки по овие точки се сврзани со рокови.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, предлогот да не продолжиме со дневниот ред таму каде што застанавме има и други последици. Имено точките кои сега се на дневен ред почнувајќи од 47-та точка исто така, поаѓајќи од расправите во ова Собрание тие се многу битни што побргу да бидат

разгледани во Собранието бидејќи и тие се врзани со рокови, бидејќи се работи за измена на Законот за стапките на данокот на промет, административните и комуналните такси, потоа за коефициентите за валоризација на катастарскиот приход кои, со оглед веќе е трет месец од 1993 година а се уште се применуваат старите ставки во 1993 година исто така до колку и натаму се одлагаат може да дојдат во прашање многу други работи. Еве Буџетот ни е во нацрт, Владата требаше денес да го утврди и да го даде пред Собрание. Така да сите тие работи се сврзани со почетокот на годината, па Ве молам со обврските што Владата ги има пред овој Парламент преземено дека ќе дејствува во одредена динамика да го достави Буџетот итн., а времето одминува, па јас односно ние инсистираме денешната седница да продолжи таму каде што е прекината, со точка 47 бидејќи сметаме дека тие закони се од таква природа што треба да бидат итно разгледани и усвоени па после да се дојде до точките за кои Комисијата за избори и именувања предлага да бидат сега веднаш разгледам. До колку бидеме ефикасни во овие точки, може да се дојде и до овие точки што ги предлага претседателот на Комисијата.

Исто така ние имаме некои планови во нашата работа што може да бидеме отсутни 2-3 дена, токму тие кои се претставници по овие закони така да може да се случи да дојде до поголемо одлагање на овие точки. Затоа молам да се имаат предвид овие моменти и да се настојува наредните точки 47-ма, 48-ма и 49-та да се разгледаат и Собранието да се изјасни за да може понатаму Владата врз база на тие закони да работи и на други итни прашања. Тоа е молба на Владата и мислам дека треба да се има предвид.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Сметам дека треба да почнеме таму каде што ја прекинавме 56-та седница, односно да поминеме на точката 47 од следните причини:

Дел од причините кажа министерот, но исто така и јас сакам да ги потенцирам. Имено, точките кои сега треба да ги гледаме од 47 до 57 се дел од законските проекти, дел од финансиските планови кои го заокружуваат економскиот систем на Републиката за 1993 година. Овде имаме точки, како што се административните такси, комуналните такси, Законот за измена на стапките на граѓаните, со ко треба да почне конкретното извршување на облозите во кои има одредени рокови со кои се прибираат средствата за Републичкиот буџет за 1993 година.

Имаме точки, како што е Законот за царина, целосен закон кој сигурно во делот на економскиот план значи заокружување на економската самостојност на Републиката, па поради тоа сметам дека има причини денес да расправаме по овие точки, а кога точките што ги предлага претседателот на Комисијата за избори и именување дојдат на дневен ред, тогаш да ги расправаме.

Инаку ако вие се сеќавате за оваа 56-та седница овие точки јас дополнително ги предложив како точки со кои треба да се дополни дневниот ред од 56-та седница. Заради тоа мислам дека и денес е доцна и по секоај можност Собранието треба денес да ги гледа овие точки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние денес и ќе ги гледаме овие точки. Ние изгубивме многу време овде расправајќи се. Инаку, овие точки од 60-та до 81-ва брзо ќе беа готови.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Имам две работи прво процедурално, а после ќе кажам нешто и околу дневниот ред.

Со оглед на тоа што овие три информации околу настаните во" Горче Петров, Бит Пазар и Радолишта се на дневен ред и веќе се ближи

денот кога треба да расправаме, а до денес немаме примено ни една информација. Затоа мислам дека е крајно време Владата да изготви информација околу која ќе можеме да дебатираме. Исто така уште еднаш би сакал да го повторам предлогот што го дадов на почетокот на 56-та седница, точките околу тие три настани да бидат поредени хронолошки како што станаа настаните.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Предлогот за измена на редоследот доаѓа поради тоа што овие точки се од директна надлежност на Собранието и внатрешната структура, а се дадени уште во октомври месец 1992 година. Бидејќи по традиција тие се на крајот од секој дневен ред, само тие се одлагаат. Меѓутоа се работи само за изготвени Предлог - одлуки за претседатели на комисии, измена на членови, тоа што беше и на претходна расправа, се рече не биле комплетни, измените не се извршени и слично. Овие работи се изготвени Предлог - одлуки а ние треба да се изјасниме дали ги прифаќаме или не ги прифаќаме, односно одлагаме, не е некоја незнам каква суштинска работа, односно да се отвора суштинска дебата, нема амандмани. Јас сметам треба по овие точки само да се изјасниме, ако не прифатиме се оди на нов предлог. Предлогот беше даден пред седница Сметам дека тоа нема да влијае на одолговлекување на овие точки од законска надлежност на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на претседателот на Комисијата за избори и именувања нека крене рака? 50 пратеници).

Дали има некој против? (15 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (пратеници) .

Констатирам дека предлогот е усвоен.

I/5.-

Минуваме на **<u>точка 60</u>** - <u>Предлог на одлука за разрешување и именување претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници.</u>

Предлогот на одлуката ви е доставен. Отворам претрес.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам да крене рака? (62 пратеника).

Дали има некој против? (6 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници.

Минуваме на <u>точка 61</u> - <u>Предлози на одлуки за избор на членови на конкурсни комисии за именување индивидуални работоводни органи и тоа:</u>

- за избор на членови на Конкурсна комисија за именување генерален директор на РО Македонски народен театар и

- за именување членови на Комисија за именување индивидуа- лен работоводен орган на Рударско - геолошкиот факултет во Штип.

Предлозите на одлуките ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Предлозите на одлуките ги ставам на гласање.

Кој е за предлозите на одлуките, молам да крене рака? (65 пратеници)

Дали има некој против? (2 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеника).

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за избор на членови на конкурсните комисии за именување индивидуални работоводни органи.

Минуваме на **точка 62** - Предлози на одлуки за разрешување и именување претставници на Републиката во органи на управување и тоа:

- за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Рударско - геолошкиот факултет во Штип и

- за разрешување и именување член во Советот на Педагошката академија "Климент Охридски" - Скопје.

Предлозите на одлуките ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлозите на одлуките ги ставам на гласање.

Кој е за предлозите на одлуките, молам да крене рака. (63 пратеници).

Дали има некој против? (7 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеника).

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за разрешување и именување претставници на Републиката во органи на управување.

Минуваме на **точка 63** - Предлози на одлуки за изменување на Одлуката за избор на надворешни членови на комисиите на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници.

Предлозите на одлуките ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

I/7.-

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Му предлагаме на Собранието, како предлагач на оваа точка од страна на пратеничката група на СДС ја повлекуваме Одлуката за изменување на Одлуката за избор на надворешни членови на комисиите на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Што мисли претседателот на Комисијата? (Да се повлече).

Минуваме на **точка 64** - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за меѓунационални односи.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата не извести дека утврдила нов Предлог на одлука и дека го повлекува Предлогот на одлуката што ви е доставен на 9 ноември 1992 година.

Новиот Предлог на одлуката ви е поделен. Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Оваа интервенција е за претходната, 63-та точка. Ние имаме два предлози за надворешни членови од редот на стручни работници. Повлечен е само едниот, по предлог на СДС, предлогот место Јосиф Талевски, Душко Велков. Меѓутоа имаме тука во склопот на тоа нешто нејасно, уште еден предлог каде место Џевдет Хајредини кој моментално е министер за финансии•е предложен Ружи Османи, економист од село Чајле – Гостивар. По истиот редослед две одлуки се. Значи едната се повлекува, меѓутоа за другата, место Џевдет Хајредини да се изјасниме дали го прифаќаме Ружо Османи.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, она што се заговара во Македонија да стане мултинационална држава и мултиетничка заедница по мене не би смееле да дозволиме како држава. Од една страна се знае кој ја протежира таа теза, од страна на Социјалдемократскиот сојуз. По мене треба да биде оваа комисија назначена како меѓумалцинска а не меѓунационална комисија. Со тоа ние признаваме повеќе нации во оваа држава, што директно одиме во меѓунационално.

II/1 рд/см

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, најмалку што е нужно потребно од оваа говорница имаме говорница да се придружиме по слово на Законот и Уставот. Тоа што е предвидено во Уставот и пратеник станува против тоа, значи апсолутно местото не му е во Собранието. Претходниот дискутант се занимавал со строго недозволено и опасни работи. Малку нека се прочита нешто.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се враќаме, на 6 3-та точка да видиме да видиме што објаснува.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Нешто да повторам. Значи во склопот на 63-та точка има повод за забуна, но јас мислам дека се разјаснивме. Има две Предлог- одлуки во истата точка од дневниот ред. Една е за надворешно - стручни соработници во нашите комисии. Првата се однесува од местото од Џевдет Харједини кој е моментално вршител министер за финансии, предложен од Комисијата за избори и именувања Ружи Османли. И друга- та точка, тоа е вториот предлог, па предлог на Љупчо Поповски, шеф на парламентарната група, го повлекува предлогот на местото Јосиф Талевски, кој е моментално секретар на Владата на Република Македонија, да биде Душко Велков. Тоа е повлечено. Сега само треба да се произнесеме на местото на Џевдет Харједини што се предлага Ружди Османли, бидејќи на Џевдет Харедини му е неспоива оваа функција со член на Комисија во работно тело на Собранието.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Почитувани пратеници, само една исправка. Таму стои Ружи или Ружди јас не го разбрав господинот Крстевски, инаку господинот се вика Рупи Османли.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Затоа нека се повлече тоа сето, нека си дојде во редовна постапка, бидејќи ни името точно не му го знаеме.

Значи, 63-та точка ја минавме и е повлечена.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, во никој случај не се согласувам да се повлече ова барање од господинот Крстевски, бидејќи тој доста оправдано го образложува фактот дека Социјалдемократскиот сојуз само еден дел го повлекува. Другиот дел останува. И мислам дека ништо не е спорно и не би требало заради една буква што предлага претседателот на Собранието ние да го одлагаме, бидејќи точно во таа комисија имаме огромни проблеми заради тоа што не сме комплетни. Чекаме од октомври месец оваа работа да мине и сега за една буква да се менува тоа во никој случај не би требало да дојде предвид.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш нека барем господинот Крстевски каже Комисијата кој човек точно го предлага.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Јас мислам дека нема основа да се одлага, не зависи од времето, можеме да се произнесеме, бидејќи има и други податоци, од каде е, професија и сл. Меѓутоа, во отчукувањето може да се случи превид. Меѓутоа, може да се земе со дополнително објаснување. Инаку, има други податоци. Јас мислам можеме да се изјаснуваме по оваа Предлог - одлука.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, јас сосема кратко ќе ви кажам според она како го разбирам Деловникот може да се гласа и дел од одлука. Не мора таа да биде комплетна, така да тоа што го: застапуваше претседателот на Ко!мисијата по мое видување е во ред.

II/3

Јас сакам да се произнесам сега околу Предлогот. Во начело сум против членувањето во телата на комисиите на лица непарламентарци. За мене е намалување на важноста на самото тело а и на Парламентот, како законодавна власт, доколку во телата на Парламентот можност да гласаат имаат и лица кои не се избирани со директни и тајни избори. Затоа, мене сега ми е по малку жал што не можам да го поддржам овој предлог поточно оваа одлука.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Дами и господа, сведоци сме дека постојано во овој Парламент се мешаат имињата и тоа лично од претседателот на Собранието. Тоа е доказ дека другарите тешко ги учат имињата на Албанците. Тоа покажува колку сте заинтересирани за соживот. Лично од претседателот на Собранието постојано имињата се кажуваат со надимаци и сл. Тоа е еден добар знак колку сте заинтересирани за еден соживот во оваа Република. Последни години е претседателот на Собранието уште не е во состојба да го каже правилно името на Албанците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Комплетно неоснован приговор. Имињата што ги изговарам овде се така како сте ги напишале вие и како што ми се дадени од Изборната комисија. Ништо друго.

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот. По овој изменет предлог што го дава господинот Крстевски гласаме.

Кој е за, молам да крене рака.(61).

Дали е некој против? (7).

Дали некој се воздржува од гласање? (5).

Констатирам дека Собранието ја донесе. Одлуката за изменување на Одлуката за избор на надворешни членови на комисиите на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници.

II/4

Минуваме на **<u>64-та точка</u>** - <u>Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за меѓунационални односи.</u>

Комисијата за прашања на изборите и именувањата извести дека утврдила нов Предлог на одлука и дека го повлекува Предлогот на одлуката што ви е доставен на 9-ти ноември 19 92 година.

Новиот Предлог на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам да крене рака. (63).

Дали е некој против? (5).

Дали некој се воздржува од гласање? (2).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за меѓунационални односи.

Минуваме на **<u>65-та точка</u>** - <u>Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.</u>

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, заедно со овие предлози, сметав за должност тоа да го кажам пред ова Собрание, беа дадени и предлозите од нас неколку членови кои што сме исклучени од работата на комисиите, со цел да дадеме свој придонес во работата на собраниските

комисии. Сакам за потребно на вас како пратеници да ве известам а и пошироката јавност дека членовите на Комисијата за избор и именувањата на чело со својот претседател, независно од партиската припадност, значи сите членови на ВМРО-ДПМНЕ, членови на СДС, Реформските сили и ПДП-НДП, беа категорички против нашето членство во комисиите собраниски. Значи, ние неколку пратеника сме исклучени и го имаме изгубено правото да учествуваме во работата на комисиите. Согласно на тоа сакам да кажам дека бидејќи ни е одземено правото за работа на комисиите собраниски, сите дискусии што ги имаме ќе ги презентираме овде во оваа говорница, бидејќи не можеме да учествуваме и да одлучуваме во работата на собраниските комисии, и ќе претставуваме на сите овие 4 партии опозиција во ова Собрание. За пример ќе наведам, не ми е тука статистиката што ја извадив за секој од пратениците кој во колку комисии членува. Сакам да истакнам дека има пратеници кои што членуваат во 4 комисии, околу 15-тина пратеници членуваат во по 3 комисии, околу 35 пратеника членуваат во по 2 комисии, а сите други пратеници членуваат барем во една комисија. Сметам дека членовите на Комисијата за избор и именување е жалосно што носат ваква одлука.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Предмет на одлуката е измена на местото претседател на Комисија за заштита на човековата околина до сега до изборот на министер за наука ја вршел Аслан Селмани, се предлага Ештреф Алиу да ја врши, пратеник во Собрание на Република Македонија.

Во однос на дискусијата на Михаил Пановски сметам овој договор во кој се вклопува и овој конкретен предлог беше во склопот на 120 избрани пратеници како пратеници беа вклопени моментално Михаил

Пановски со другите членови што поминаа во политичка партија Илинден Слободни Демократи, тие самите си дадоа оставка од сите можни комисии што беа предложени во писмена форма и уредно потпишани од нив. Затоа не се вклопени. Меѓутоа, по верификација на мандатот сите пратеници беа вклопени. И сметам дека во моментот не држи тој приговор. Исто не држи како парламентарна група да се повикува, бидејќи профилот што е парламентарна група го немаме дефинирано, ако го користиме како практика новиот предлог - деловник, над 5 пратеници можат да формираат пратеничка група. Во случајот тие тој број не го исполнуваат. И не може да се повикуваат како пратеничка група, а како пратеници самите ги напуштија местата од постојните работни тела,комисии.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Сметам дека е жалосно што правник и претседател на комисии за избори и именување најпрво да му кажам искажува од говорницата класично непознавање. Прво, група под дефиниција е збир на повеќе членови или било што да кажеме и двајца луѓе претставуваат група. А новиот Деловник кога ќе го донесе ова Собрание, тогаш ќе дискутираме овде и ќе работиме по тој нов деловник. Моја лична проценка е дека овој состав на Собранието нема да донесе нов деловник.

Со барање од пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ од 15.07.1992 година беа побарани оставки наши и беа предложени луѓе кои што на нашите места ќе членуваат во тие комисии во кои што и ние членуваме. Сметав за морална обврска да си поднесам оставка, бидејќи сметав дека една пратеничка група од 35 членови мора да има во Комисијата член, бидејќи јас бев единствениот. Исто така и господинот Јовановски поднесе оставка,согласно моралната обврска, а и согласно барањето на ВМРО-ДПМНЕ.

Господинот Чкатровски Благоја не си поднесе оставка и господинот Крстевски јас мислам тоа го знае. Значи манипулира со јавноста кога вели дека сите си поднеле оставка. Јавноста и Парламентот може да суди дали беше подобро ние да поднесеме оставки, или да бидеме сменети овде на Собрание како што беше случајот со господинот Чкатровски Благоја. Сметам дека не треба јавноста да се манипулира со вакви изјави, а тоа што ние сме исклучени од работата на комисиите, нема проблем, ние ќе поднесеме и уште стојам на тоа што пред малку го кажав. Сета наша работа ќе биде насочена кон оваа говорница.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Како член на Комисијата за избор и именување сакам да придонесам нешто, да дообраснам она што не стигна да го каже претседателот на Комисијата.

Во почетокот кога се формираа сите собраниски комисии имаше некој договор меѓу парламентарните партии за составот на тие комисии. Партијата за демократски просперитет на некој начин скоро секаде беше скратена, но на крај сепак ги прифативме тие комисии да тргнат работите. Сега што се случува? Во меѓувреме се формираат нови партии и некои пратеници се прогласуваат за самостојни. Не ме интересира дали тие имаат согласност на своите изборни единици или не. Што ќе се случи сега ако и понатаму одредени пратеници менуваат и понатаму партии и претендираат по некои други критериуми да влезат во тие комисии. Тие можат да претендираат како имиња, но не како нови партии.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Веќе подолго време Комисијата за избор и именувања работи самоволно, спротивно од деловничките обврски и претставува една приватизирана привилегија на тие луѓе заради можноста да влијаат во одредени процеси, особено во стопанството, така да ова денеска што го

слушнавме е само доказ повеќе за непримерното работење. Особено сакам да укажам на непринципиелниот однос кога треба да одлучуваат на писмен материјал од пратениците, за што не ги известуваат за закажаните седници и на таков начин им го оневозможуваат правото да присуствуваат и да ги објаснат причините или аргументите зошто одредени барања се поставуваат до таа комисија. Исто така во таа Комисија спротивно од она што постои како деловник и спротивно од праксата на Парламентот кој што веривицира одредени простори и околу преминување на одредени пратеници во статус на независни,но исто така и во други политички партии што се формираа практично после првите избори си дозволуваат во толкувањето да не влегуваат во сферата на политичките шпекулации и интриги, а притоа да не стојат зад тоа релевантни аргументи, заради тоа што шпекулираат со работи, кои што само заради тоа што се присутни во таа комисија им го одземаат правот на другите за она што самите инаку спрема принципиелните некои основи го имаат прекршено.

III/1.- ЈМ-ВБ

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (**Продолжение)

Само да напоменам како пример, се оспорува правото на пратеници заради тоа што од една политичка партија сега застапуваат друга политичка партија од формална причина, а притоа сами за себе прифаќајќи на тие партии кои што учествуваа во изборите по сосема други имиња, со други програми, дури и со друга политичка основа не го ставаат тоа на демократско преиспитување и не дозволуваат тој проблем дури и да се постави и генерално во Парламентот за принципиелно еднаш да се реши. Од тие причини уште еднаш сакам да го изразам незадоволството и сметам дека треба прашањето на работата на оваа Комисија да се постави на една пленарна седница за што и писмено ќе побарам од Претседателството на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако може за тие прашања да расправаме навистина кога во регуларна постапка ќе се побара, а сега да престанеме. Да се концентрираме на оваа одлука.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Во однос на овие укажувања сметам дека воопшто не држат пратеничкиот состав и составот на работните тела е составен од политички партии кои учествувале во изборите и се избрани како пратеници. Сметам и од кореспонденција на Собранието треба да се исклучат други политички партии независно што пратениците преминале во други. Овде се смета и во тој склоп е и составот на Комисијата за избори и именувања пропорционален состав според пратеничките места и партиите кои го имаат моментално статусот, а повикување на други политички партии кои немаат директно избрани, сметам дека,е сосема нелогично. Сметам во однос на изборите за Михаил Пановски си потпиша дека не сака, мислам беше во две,комисии, не сака. и ние најдовме замена.

III/2.-

Сметам дека оваа комисија е единствено составена пропорционално од политичките партии кои учествувале во изборите и имаат избрани пратеници и предлозите се воглавно со убедително мнозинство, или едногласно се предлагаат на Собраниево. Сметам и од коресподенција другите политички партии кои немаат директно предложено, избрано пратеници не треба и да бидат во коресподенцијата бидејќи прават само забуна.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас во досегашното двегодишно работење на овој парламент поднесував голем број иницијативи. Тие се однесуваа во повеќе области од животот и до сите комисии, тоа беа голем број на комисии каде што ги поднесував предлозите, бев на уреден начин поканувал да учествувам во работата на комисиите, да ги образложувам моите предлози. За моите предлози до Комисијата за избори и именувања јас длабоко бев уверен дека таа работи на демократски начин и очекував дека ќе бидат поканет на расправите во врска со моите предлози, што за жал не се случи.

Второ, господинот Крстески ова што го рече јас многу добро го објаснив. Нашите оставки, мојата лична и на господинот Ристо Јованов се базираа и исклучиво беа од морална природа и се однесуваат на барањето што ВМРО-ДПМНЕ до нас го поднесе и до Парламентот на 15 јули 1992 година во кое барање се бараше ние да бидеме разрешени од работата на тие комисии од причина што ВМРО-ДПМНЕ како најбројна пратеничка група немаше учесници во работата на тие комисии. И затоа ја поднесовме оставката за да може најбројната група застапена во Парламентот да може да учествува во работата на тие комисии. Тоа беше нашата цел.

Господинот Чкатровски не сакаше да поднесе оставка од причина што имаше уште двајца членови во неговата комисија, а видовме дека исто така како  и нас тој беше разрешен пред неколку седници од овој Парламент. Нека суди јавноста, јас мислам дека и вие како пратеници

III/3.-

сте доволно запознаени со сето ова.

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

Мислам дека со право се создава едно големо недоразбирање по оваа точка. Првенствено се бара од тие кои што сакаат да бидат застапени во овие комисии, некој пак мисли обратно дека не треба да бидат застапени во овие комисии. Се плашам и барам објаснување, дали во овие комисии треба да бидат застапени и од опозицијата. Барам одговор на ова прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Друг пат ќе го расправаме тоа. Се разбира дека треба да биде застапена и опозицијата. Во обработката на материјалите овде треба да има опозицијата можност да се искаже.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Прво, овде учествуваат во работата на Собранието исклучиво пратеници. Терминот опозиција не е усвоен уште во нашава демократија каква е, што е. Коалиција воопшто не постои, мислам како термин, ниту политички во таа смисла. Значи чисто пратеници кои со уставот крајно самостојно истапуваат. Во рамки на пратеничките групи ќе се повикувате и на политика и на статут. Овде исклучиво пратениците по Уставот се самостојни, по своја совест истапуваат.

Во однос на укажувањето на Михаил Пановски. Прво, не држи. Прво, за сите состаноци има уреден информатор и тој информатор е од интерна функција. Сите пратеници треба да си ја следат вкупната активност на сите работни тела и кога ќе дојдат добредојдени се. Во однос на укажувањето дека има интерес Михаил Пановски да се вклучи во овие комисии, тој има писмено кажување дека до усвојување на новиот Деловник не се заинтересирани за вклучување во работните тела.

И сега противречноста ја укажа, па директно од оваа дискусија во оваа комисија излегува дека е директно заинтересиран за учество мислам во случајот претседател на Комисијата за заштита на човековата околина. Има писмено од Илинден- слободни демократи дека по новиот Деловник ќе пројават и предлог за евентуално зголемување и проширување на бројот на работните тела, мислам членови.

**ФАИК АБДИ:**

Јас имам процедурална забелешка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, вие сега со процедурални интервенции предизвикувате сосема други интервенции. Немојте така.

**ФАИК АБДИ:**

Ја сакам да упатам една процедурална забелешка до работата на нашата комисија за избори и именувања, покрај тоа што сигурно основната задача и е овде заедно со сите претставници на други политички партии да предлага состав на комисии итн., има и друга задача и тоа предлага пратеници, предлага одборници за работни организации кои што се од поширок интерес училишта итн., избор на директори, конкурсни комисии итн. Јас ќе ви кажам еден пример како не треба да биде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вашата интервенција не е процедурална.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, не може господинот Крстески во населбата каде што живеам каде што има 6 одборници од нашата

III/5.-

партија  да ми предлага од ВМРО членови на конкурсна комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не предлага господинот Крстески.

**ФАИК АБДИ:**

Да. Неговата комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Комисијата предлага.

**ФАИК АБДИ:**

Не неговата комисија, туку тој.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, кога ќе дојде тоа на дневен ред тогаш треба да се јавите.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Точно, во Шуто Оризари има одборници од ПЦЕР, но нема пратеници. Пратениците од целата општина се мнозинството од ВМРО-ДПМНЕ. Тие се прифатени од работното тело Комисија за избори и именувања. Ние имаме непишано правило предност при делегирање даваше на пратеници, а не на одборници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза од 15 минути.

(По паузата)

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

III/6.-

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (64 пратеници)

Дали некој е против? (б)

Дали некој се воздржува од гласање? (5)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на **точката 66** - Предлог на одлука за разрешување од функција судија за прекршоци во Општинскиот суд за прекршоци во Охрид.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (70 пратеници)

Дали има некој против? (двајца)

Дали некој се воздржува од гласање? (еден)

Констатирам дека Раде Илиевски е разрешен од функцијата судија за прекршоци во Општинскиот суд за прекршоци во Охрид по сопствено барање.

Минуваме на **точката 67 -** Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Радиодифузното претпријатие Македонската радио-телевизија.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Дами и господо, сега му поставувам едно принципиелно прашање на господинот претседател на комисијата за избори и именувања. Јас предлагам целата комисија за избори и именувања да биде совет на македонската телевизија. Еве зошто. Во Советот на Македонската телевизија предложени се само членови на Комисијата за избори и именување. Тоа се: Димитар Трпеновски, Љубисав Иванов, Коле Луловски, Љупчо Поповски и Мухамед Халили. Сами се бираат, сами се предлагаат. Ова ме потсеќа кога ги предлагаше Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија по функција. Затоа го молам претседателот и неговата принципиелност да ми одговори дали нема други членови надвор од Комисијата да се предложат, туку самите членови сами се предлагаат, а ова не е само за оваа комисија, туку за сите комисии надвор кои што се бираат во факултет, во училишта и во други установи само тие се предлагаат. Изгледа тие се најстручните и најкомпетентните. Затоа ве замолувам овие да не ги избереме да се предложат и за членови што се во Парламентот, а не само во Комисијата.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Прво, секој пратеник на кого му е верифициран мандатот независна и да ја променил во меѓувреме политичката партија може да биде член во Советот. Јас сум го водел состанокот, јас не сум се предложил, меѓутоа секој пратеник може да биде член на Советот. И сметам не е во спротивност тоа, бидејќи пратениците имаат предност во смисла што повеќе партискиот систем, евиденциите стручни, кадровски сметам се од стариот систем. Така што пратеници ќе дадат поголем придонес и поголеми новини ќе внесат во работењето. И сметам во никаква спротивност е писмениот предлог даден.

III/8.-

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Мене не ми е јасно и толку е неубедлив претседателот, како само овие пратеници се избрани од народот и само тие можат да се предлагаат во сите тела. Како да нема други, од 115 само тие се најстручните во сите тела, па дури треба и самите да се засрамат. Еве сите назад да ги вратиме точките каде што треба да се делегираат пратеници, само тие се присутни . Не само срам да им е, туку да се размислат. Изгледа овие се и најортодоксните комунисти во таа комисија.

**ЏЕЉАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Дискусијава е сосема произволна бидејќи предлогот датира околу 5,6 месеци. Собранието еднаш ја врати постапкава повторно уште еднаш да се обмисли. И сметам и координаторите на парламентарните групи беа дополнително консултирани и овој предлог веќе два пати е прочистен и утврден и сметам дека дискусијата е сосема произволна, дека членовите на Комисијата се предлагаат и во други совети и сл. Сметам дека ова е втор преработен предлог, утврден. Меѓутоа по редослед ако земеме оваа комисија, овие членови уште кога влеговме првите 5 минути бевме избрани со 120 гласа. Тоа е едно. И пропорционален состав е застапен. Предлогот е преработен, утврден, можат да се изјаснуваат директно пратениците.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

III/9.-

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас не верувам дека независното новинарство во Македонија, а тука ја гледам најповеќе МТВ сака да биде бастион на комунизмот, искрено да ви кажам. Само нека се собере стажот на овие господа во Сојузот на комунисти ќе се види мислам што значи. Понатаму кога веќе господинот Крстески се залага дека тоа се ветришта на повеќепартизмот како оваа Комисија за избори и именувања не се сети барем еден член да стави од вонпарламентарните партии. Можеше да бидат од Лигата за демократија, или МААК, Албанскиот сојуз, или Либерална партија. Зошто барем еден член од сите овие членови не беше од партиите кои што не партиципираат овде во Парламентот. И што ако некоја од тие партии на наредните избори победи, па потоа ниедна од сегашниве ,што сме тука не биде застапена. Мислам дека овој предлог, ценам по мое длабоко уверување дека е уште една манипулација на владеачките партии овде во Парламентот, а претежно на двете најголеми Социјалдемократскиот сојуз и ВМРО-ДПМНЕ и тоа е уште еден доказ за фаќање предизборни позиции.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Кога сме тука само уште ова, да го потсетам претседателот и Комисијата. Ме интересира каков беше резултатот при гласањето за овие членови да бидат изгласани? Дали 3:3, или 0:0?

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Веќе влегуваме во злоупотреба на правото за дискутирање. Сметам дека прво укажувањето од Михаил Пановски дека бројно застапените партии ВМРО има двајца предложено членови, а сметам математички 4,30 им следува. Значи 50% е ВМРО-ДПМНЕ застапено. Во однос на ова другиот колега што се изјаснува сосема импровизирано бројот во математика се учи до 100 во извештајот на Комисијата, а овде сега дали добила потребно мнозинство, само тој дел во образложението се става, а колку, кој што мислел, што кажал ќе го прочита запсиникот кој е од јавен карактер на Комисијата при составот на предлогот.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас излегувам бидејќи сум спомнат, кога веќе господинот Крстевски, излегуваше објаснуваше, односот 4,32, нека каже трговијата што е направена за сметка за некои други работи, кога се бирале членовите.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Може ли да престанеме со реплики.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Прво, позадински не работам, ниту имам потреба да работам, не учествувам во преговарање, тоа се овластени координатори. Ако некој лично позадински работи и во тој дел е пбупатен нека си одговори. Јас чисто јавно стојам зад дадениот предлог. не сум имал никакви манипулации.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, мене ми се чини дека ние немаме друга работа овде и почнуваме овде да раправаме овде некое матење на празна слама. Господата што сакаат ваква работа тие требаше прво да седат во партиите или да не мрљаат, тоа не го зборам за оние од ВМРО ниту од СДСМ или од Реформските сили. Оној камен што се тркала тој нема тежина. Ќе тежи таму каде што е наместо. Но, утре ќе им текне ќе ја сменат пак партијата и ние пак ќе ги менуваме овде везден, ќе си играат играчки. И дури пак е правилно да се распишат избори во тие изборни единици затоа што тие партијата ги донесла таму. Оној од СДСМ, од Комунистите, Комунистите го донесле таму, а оној од ВМРО, ВМРО го донесла, и сега не треба да се менуваа и

да шетаат. Сметам  да поминеме на дневниот ред, да поминеме на гласање и да не се задржуваме на вакви работи оти има работи кои што се многу важни во однос на стопанството кои треба да се донесат.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот. Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката кој е за молам да крене рака?

За гласаа 66 пратеници.

Дали има некој против? (5)

Дали некој се воздржува од гласање? (5)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот во радио дифузното претпријатие Македонска радио телевизија.

Минуваме на **<u>точка Шеесет и осум</u>** - <u>Предлог на одлука за разрешување и именување член на Управниот одбор на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта.</u>

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам, да крене рака?

IV/3.-

За гласаа 65 пратеници.

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање (2).

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именување член на Управниот одбор на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта.

Минуваме на **точка Шеесет и девет** - Предлог на одлука за давање на согласност на Одлуката за именување директор на фондот за пензиско инвалидско осигурување на Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Ташко Киров.

**ТАШКО КИРОВ:**

Дами и господо, пред една година еден пратеник излезе на говорница и донесе едно купче материјали за таа седница кој што ги имавме добиено. Навистина тие материјали беа многу и тој пратеник можеше да ги донесе. Доколку за оваа седница истиот пратеник или било кој од нас се обиде да ги донесе материјалите, тешко дека ќе може да ги донесе. Но, тоа е еден од проблемите што ние добиваме многу материјали, а сигурно е поврзано со многу точки што се на дневен ред, а друг проблем е колку тие материјали текстуално се оптоварени со неважечки, незначајни податоци.

Токму по оваа точка ќе кажам две три реченици кој што се дадени во образложението на оваа одлука. Образложението е огромно и немам намера пошироко да се задржувам, само , за мене битни реченици се следните: "за директор на Фондот може да биде именувано лице кое има високо - стручна подготовка од правна или економска насока најмалку шест години работно искуство", тоа е едното и при- донесување на ова одлука Управниот одбор го имал предвид "долго- годишното искуство во работата на предложениот кандидат, на овие сложени и одговорни функции". Навистина кога се спомнуваат сложени и одговорни функции би се прашале кои се неодговорни и несложени функции.

Но, еве кој се тие сложени и одговорни функции, тие се во прилог, картон податоци кои ни се дадени кои што ги има доставено овие материјали. Па, се вели: "досега се наоѓал на следниве работни места и должности: член на претседателството на ЦК СКМ од 1964-1965 година, претседател на Комисијата за идејни прашања од култура и образование на ЦК СКМ од 1965 до 1967 година, стручно политички работник во Градскиот комитет на СКМ Скопје од 1967 до 1973 година, самостоен стручен соработник и шеф на катедрата за политички систем и Здружен труд на Републичкиот центар за идеолошко политичко образование и студии од 1973 до 1980 година"(аплауз).

Дури после овие податоци предложениот кандидат се наведува дека го има завршено правниот факултет кој што е единствено битен за овој предлог.

Понатаму, не се застанува на ова туку се оди понатаму.

"Бил претседател на Соборот на месните заедници на Собранието на општина Центар - Скопје, член на управниот одбор на наградата 13 ноември, член на Издавачкиот совет на Култура и списанието "Социјална

политика" и друго. Сега некој ќе рече да го оставиме минатото. И јас истото го велам. Но, овие податоци јас не ги изнесов, овие се дадено од одделението за Кадровски и персонални работи. Токму ова минато беше и политичка подобност, услов за многу директорски места во минатото. Но, истото беше и причина за многу директорски места да бидат напуштени од страна на и тоа како добри стручњаци кој што не беа подобни за тогашната политика. И не само тоа, многу други работни места не само што беа услов да се добијат, туку многу ќе се потсетиме дека беше услов да се изгубат, а исто така и многу стипендии и студентски кредити, оние луѓе кој што го немаа ова политичко минато не можеа да го добијат. Па, токму затоа јас се прашувам дали сега треба ние тоа минато повторно да го извадиме на виделина.

Мислам дека Собранието денес ќе даде токму со оваа одлука пример дали ние и понатаму ќе поставуваме политички подобни лица или пак ќе направиме одредена промена во оваа област.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Ме интересира, претседателот на Комисијата за избор и именување да ми каже чив е овој кандидат и како гласаа пратениците на ВМРО-ДПМНЕ на Комисијата за избор и именување.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Прво да одговорам. комисијата ја спроведува постапката за избор на директор на Заедницата на пензиско и инвалидско осигурување. Една околност, да не одиме многу во ширина, да оценуваме многу квалитети, единствен кандидат на јавниот конкурс за избор на директор на оваа институција се јавил Кирил Зрмановски. Единствен кандидат. Значи против кандидат, срамнување со друг квалитет и сл. во тој дел да се

цени при оценувањето каква одлука, мислам дали ќе се прифати одлуката или не.

Во другиот дел треба да го прочитаме заеднички со Михаил Пановски вон седница записникот од одржаниот состанок. Овде не се води истрага. Имаме фон на време, големи паузи, истрага, политичка работа ќе водиме таму. Има постапка овде официјална, најекономична, има образложение, а требате да имате во предвид дека е еден кандидат, значи не можеме да се срамнува со друг, тој бил, се јавил, работел претходно, е, сега, со тие карактеристики, да се јавел друг, Комисијата ќе вршеше срамнување. Ние го дадовме на стручно мислење на Владата и Владата со позитивна оценка за работата го прифати давањето на согласност за тоа и ние овде предлагаме согласност, бидејќи овде се јави само еден кандидат.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сакам да се осврнам на овој предлог на Комисијата со неколку зборови и да ја кажам правата вистина во однос на комплетната соработка помеѓу Комисијата за труд и социјална политика и Фондот за ПИО, а нормално и со вд . директорот на овој фонд. Јас повеќе од две години сум присутен на седниците на овој фонд и можам да го кажам следното: дека предложениот кандидат кој е се га вд. дирекот на ПИО го сметам јас лично, за една компетентна стручна личност која може да се носи и стручно и компетентно со сите проблеми сврзани за ПИО. За таа смисла мислам дека во овој момент ако му дадеме согласност, а треба да дадеме согласност за неговиот избор заради тоа што пензиско инвалидскиот систем е поврзан исто така со неговата способност заради тоа што е во тек на донесување на законот за Пензиско и инвалидско осигурување.,

IV/7.-

Лично сметам дека во овој период ние како Комисија за труд и социојална политика имавме голем број информации кои беа овде присутни на Собранието прифатени и изготвени од овој Фонд и лично сметам дека Фондот квалитетно работи и можеме да дадеме поддршка за избор на директор на Киро Зрмановски кој во овој момент и одговара и е компетентен и стручен и практичен и со големо искуство во извршување на овие задачи, без разлика на оној претходен истријат во врска со неговото членување. Зборуваме за сегашната личност која треба да ги извршува овие задачи сврзани за пензиско инвалидското осигуруваше.

**ФАИК АБДИ:**

Мислам дека, ние денес многу ретко ќе најдеме луѓе кога треба да назначиме за една или за друга работа од поширок општествен интерес. Сигурно е дека еден најголем дел од тие кадри поминаа низ тие организации кои што во тоа време до пред година ипол,две или три уживаа еден голем авторитет и да речам владееа, јас лично го знам господинот Зрмановски, по карактер е многу мирен човек, достоинствен и многу е прецизен. Меѓутоа,д а ви кажам една друга вистина на запад и во контактите со функционери од запад кој што доаѓаат овде или новинари тврдат и тие дека екс комунистите се многу поголеми демократи од оние демократи кои штос е прават демократи.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, како член на Комисија за труд и социјална политика дава поддршка на предлогот на Комисијата за именување за директор на Зрмановски, затоа што во изминатите две години имаше лојална соработка со Комисијата директорот што е предложен, а колку ми е познато има поддршка од сите сојузи на пензионерите. Го

поддржувам предлогот на Комисијата и дискусијата на Бранко Арсовски и се согласувам со предлогот.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници. Покрај овие сите украсни генералии штос е наредени на овој кандидат предлагам да приставиме уште некои и да каже каде се трите пензии на пензионерите дадени што ги нема парите, што не ги зедоа пензионерите. Каква е таа демократија со вакви услови дека тој е најспособниот, но утре ако почине тој кај ќе најдеме друг таков способен човек. Мораме ние да ги поставуваме конкурсите да бидат јавни и слободни сите кандидати. Кога ќе дојдат младите на избор ако ние постојано поставуваме толку да има искуство, толку бил овде, толку бил генерал, толку бил во ЦК, тоа значи младите никогаш нема да дојдат, и со право зборуваме ние светот останува на младите, ама откако ќе остарат.

Прво, да поднесе финансиски извештај каде се трите пензии, па пота да го поставиме на избор. Ве молам овој предлог да се прифати затоа што има голема реакција од сите пензионери од сите градови на Македонија. (реакција на некој од пратениците) Ако не го знаев немаше да речам, ми кажал некој затоа.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господо, можеби имаше право претходниот дискутант кога навлезе малку при крајот во една тематика која ние сеуште не сме ја разрешиле. не навлегувам јас за човекот кој е предложен да го добие местото директор на Пензиско инвалидската установа, меѓу- тоа имајќи го предвид досегашните дејности  на самиот фонд  на ПИО мене веднаш

IV/9.-

ми дојде во мислата една многу важна ситуација во која се наоѓа самиот фонд. Утре и Вие ќе бидете пензионери. Влегуваме во една установа која е гола, оставена боса како нашата држава.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**: (продолжение)

Значи, рацете имаат посегнато и во таква установа, во која луѓето ги внесуваат парите, трудот како во една каса која требаше да ги размножува средствата и да ги добиваат старците благовремено и да не бараат чаре од друго место, но тие да се наголемуваат како што прават во други земји, така што парите работат, добиваат камати и пензионерите нормално пензиите ги земаат секој месец според животните трошоци во дотичните држави. Меѓутоа, досегашната пракса при инвалидско пензиската установа покажува спротивно немој сфате да ми ја мрдаш главата (му се обраќа на некој од пратениците), покажува спротивно. Значи, од трудот кој го вложувавме за тие 35 -40 години парите некаде се губеа, наместо да растат тие се губеа. Државата која саштествуваше до вчера ич не береше гајле како пензионерот утре ќе живее. Од тој фонд парите оделе некаде без расписка, без потврда дека ќе им се вратат назад на луѓето. Што направиле? Сведоци сте вие, направиле исто како работникот кој работи во една установа или едно претпријатие парите да ги зема наназад во месецот иако тој, тој труд што го вложил и се чекаше први во месецот да си ги добие парите со кои треба да заживее во месецот. Во тој месец, не беше месец беше 45 и повеќе денови, инфлацијата растеше и тој сиромавот место да купеше една кошула купуваше само еден ракав од кошулата. Видете, тоа го кажувам дека е тоа така, никој не може да ме разубеди дека е така. Слушаме и од весници и од радио и од телевизија и од сите информативни средства дека фондот нема пари, значи трудот отишол во неповрат. И сега ќе чекаме претпријатието, кое е во загуба да внесе, што да внесе ништо, приватниот сектор не е во тој степен развиен да внесе или не сака да внесе или не мора да внесе затоа што е поврзан со некаква мафија и на крајот на краиштата ќе чека пензионерот да ја

V/2

добие пензијата после два месеци и одвај тие се молат кога да умре, да го испратиме, да си оди. Значи, овде, во такви установи, луѓе, тие се многу танки работи, можеби е најтанката жица на виолианта. Тука треба да има ем способни луѓе, ем луѓе кои нема да даваат на заем затоа што според досегашната пракса се даваше заемот и тој заем не се враќаше, како што бевме научени и во другите установи тоа да се случува, односно целата држава живееше во некаков заем неповратен. Кога може некој да ти ги украде парите од џебот, најлесно ќе ги украде од пензионерот кој што нема глас, дека е сакат, дека е стар.

Затоа, малку да размислите ја прифаќам и другата теза при изборот на една таква можност подобро да биде човекот незамешан, доста беше тоа морални квалитети, едно време тие можеби беа и најнеморални, да има таков квалитет, таков квалитет, а кога ќе го земеш тој три пати жената си ја оставил, петнаесет пати се преженил, сто деца има тука, тој бил нај таков. Тој најголем арамија, а бил најпоштен . Е, со такви работи да не се занимаваме. Добро рече еден од дискутантите, армија имаме од способни деца, не се веќе и деца тие, дете се вика до 25, 26, 27 години, кога веќе го завршил факултетот тоа веќе не е дете, тоа е веќе стручњак завршил факултет и може да работи. Сега да има барем двајца или тројца кандидати, јас незнам како еден кандидат, мајката, значи или тој човек работел некаде, е научен да работи или пак ти вика - море чекај, да влезам да работам уште 5-6 години, па што му ја плачеш мајката. Значи, извинете на изразот овде се гледа дека апсолутно не сме објективни во некои работи. Или некој пак некое друштво си го нашол човекот и ти викаат, - сакаат не сакаат, овие ќе кренат рака, а другите или народот односно пензионерите нека си бараат чарето, побргу нека си копаат гроб. Ова е целата - не сакам да ме

прекинуваш зашто никогаш јас не прекинувам никого и не навредувам никого од вас, во моментот не навредувам, не сакам да навредам, (се обраќа на некој од пратениците) значи да има конкуренти, да се замислиме, да промислиме и да избереме. Еве ти една черешна, кој да ја лапне побрзо, или одете делете ја, не може барем да има два или три кандидати, од тие да избереме еден. А вака даден знам, ние сме една машина така створени тука, тоа вреѓање е и за мојата партија и за сите партии, така раката сите (ги крена двата прсти ) работата се заврши. Јас не влевам во квалитетот на човекот, но не е ни демократски, затоа што почнавме така и со другите закони, так, так тоа ќе правиме , значи одиме веќе, не одиме кон демократија, одиме кон нешто пострашно. Утре и на вас и мене и сите нас ќе не зажеже, ќе речеме мајката, не сме го одбрале вистинскиот човек, било на претпријатието било незнам каде. Затоа, ве молам, јас пак ќе речам не против човекот, но малку да се размислиме, нека помине уште на комисија, нека се даде уште еден пат конкурс и нека се дадат повеќе личности за избор. И подобро да нема таква долга биографија, незнам како бил, каков бил, што.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ова е плуралистичко Собрание и нормално е дека за сите точки на дневен ред може да има и различни мислења. Јас ќе го кажам мислењето на пратеничката група на СДСМ.

Во системот на пензиското осигурување ние веќе година дена влеговме во фаза на негова трансформација. Потврда за тоа е и законот кој е во процедура во ова Собрание донесен во првата фаза и таа постапка тече. Факт е дека тој СИЗ прави, бивши СИЗ прави сериозни обиди да се трансформира во фонд и таа" трансформација исто така е во тек. Сите институции во државата вклучувајќи го и фондот за пензиско

инвалидско осигурување на Македонија, во фазата на трансформација на општеството, доживува извесни потреси што се должи на системот кој се менува од економски, политички, па и овие подсистеми како што е пензискиот во РМ. она што можеме да го забележиме е следното:

И покрај сите потреси во Републикава во последниве неколку години, потреси предизвикани од најразлични причини, особено заради институционални промени, фондот за пензиско осигурување и покрај отежнителните услови успеа да обезбеди во овие времиња каква таква редовна исплата на пензиите и да биде раководен заедно со Управниот одбор кој е тука избран, доволно добро за да може да егзистира и да се исплатуваат пензиите.

Досегашната работа во овој период на господинот Зрмановски тоа и го потврди. Исто така, сакаме да потсетиме дека во Републиката во овој момент има, јас зборувам глобално и не можам точната броја да ја кажам, околу 500 илјади вработен^ од 2 мили- они и 100 жители, а имаме околу 200 илјади пензионери. Значи, самата бројка покажува дека системот на пензиско осигурување е многу оптоварен за да можеме да бараме идеални услови за негово функционирање, кога 500 илјади вработени мора да издвојуваат за уште 200 илјади пензионери. Меѓутоа и во такви услови се успева во Републиката фондот за пензиско инвалидско осигурување да обезбеди исплата на пензиите, која за жал се одвива во рати, се одвива со извесно задоцнување, меѓутоа се исплатуваат пензиите, за што има поголем број на луѓе кои се заслужни, меѓу кои сигурно и господинот Зрмановски кој во овој момент ја врши функцијата на ВД директор.

Во име на пратеничката група на СДСМ ,мислам дека заради завршување на трансформацијата, заради успесите кои досега се постигнати во овие сложени услови за обезбедување на функционирање на бензинскиот систем во РМ, вклучувајќи ги и до- сегашните успеси што се направени по распадот на бившата на СФРЈ да се обезбеди да функционира пензискиот систем на Македонија во некаква врска, поради тоа што имаше вработувања надвор од Македонија и во Македонија од сега веќе туѓи државјани, да функционира тој систем и да функционира со некој од државите, како што се Словенија, Хрватска итн, а се прават обиди тоа да профункционира на еден задоволителен начин и со Република Србија односно и во рамките на Сојузна Република Југославија, сите овие работи мислам дека се доволен поволна господинот Зрмановски да му изгласаме доверба во овој момент.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор?

(пратеникот Митко Анастасовски повторно бара збор, на што потпретседателот Мурати вели: )

Не бевте спомнати во дискусијата на претходниот дискутант.
Дали некој друг бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, мислам дека оваа точка што е на дневен ред т.е. избор на директор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, на некој начин ја допре темата која по- веќе од две години е во ова Собрание и при расправа за измени и дополнувања на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, на некој начин се нафрлија некои дискусии, а. тоа е ситуацијата околу средствата што тој Фонд ги собираше, а кои сега ги нема во тој фонд.

Самиот збор фонд знаеме што значи, дека луѓето кои беа пензиски осигуреници во текот на својот работен век вложуваа во тој фонд. Меѓутоа, на запад сите знаеме дека во еден фонд за пензиско инвалидско осигурување никогаш тие средства не пропаѓаат, туку се вложуваат во некој бизнис итн. Некни да ви кажам искрено една добра емисија слушав на Радио спектар каде еден млад стручњак кој работел во Холандија кажа како и на кој начин средствата од овие фондови можат да се оплодат, т.е. пензионерите да ги уживаат средствата кои ги вложувале во текот на својот работенвек.

Мислам дека средствата од овој фонд се уште една афера како што е афера и со средствата од девизните заштеди. Ова Собрание не најде за сходно на вакви афери да одговори и да бара одговорност од многу луѓе, кои учествуваа во разграбување односно разградување на овој фонд. Затоа, ме чуди шот сеуште за компетентност и стручност се зема поранешната припадност почнувајќи од СКОЈ итн., партиска дека е компетентност и стручност. Мислам дека критериумите тука се помешани. Критериумите за одредување на нечија стручност и компетентност треба да бидат врз основа на способноста односно на она за што човекот навистина учел а не дали бил секретар на партија, дали не бил секретар на партија, дали не бил претседател на општина итн. Тоа не е компетентно за мене.

Меѓутоа, уште една работа ме зачудува и јас не можам да сфатам како припадниците на СДС како наследници на таа бивша единствена партија, затоа што самите се декларираат дека се нас- ледници наследувајќи го нивниот поранешен имот, значи на некој начин се и одговорни кон таа идеологија што се спроведуваше 40 односно 50 години во Македонија, па ме интересира зошто само- критично не кажат овде од оваа говорница дека бараат како- парламентарци во овој Парламент одговорност за луѓето кои го разграбија овој фонд, односно средствата

од овој фонд ги нема и затоа ни се случува и ден денес пензионерите да земаат пензии на рати, така наречени, до толку и толку денари до десетти, па до дваесетти дваесет и петти итн. Без разлика дали има инфлација или хипер инфлација, ако средствата во тој фонд си останеа, беа внесени некаде во банка итн., ќе се добиваше на тие средства камата. Значи тие средства собирани 40 и кусур години немаше да се изгубат, меѓутоа би требало оваа партија како наследник на таа бивша партија да бара сили да бара одговорност и да им каже и на своите гласачи и на сите гласачи на РМ !каде испарија средствата од тој фонд, затоа што ќе повторам уште еднаш зборот фонд е многу јасен и кажува што е тоа, значи фонд каде што се вложувале средствата, а средствата ги немаме денес. За!тоа, господа јас не сакам да навлегувам во личноста и компетенциите на предложениот кандидат, меѓутоа, време беше еднаш да почнеме да бараме и одговорност и за некои промашени работи во претходните години.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Киро Поповски.

**КИРО ПОПОВСКИ:;**

Почитувани пратеници, мислењето на господинот Цветанов- ски и Бранко Арсовски всушност се совпаѓа и со мислењето на пратеничката група на Социјалистичката партија и веројатно немаше да има потреба да се јавам до колку по втор или трет пат се изнесуваа, повеќе од непознавање веројатно, дезинформации кои претпоставувам и за јавноста не би биле прифатливи. Никакви средства од овој фонд овие 40 години не нестанале и не се разграбиле од проста причина што фондот за пензиско и инвалидско осигурување од тековни средства се одржува,

во фондот никакви средства не се акумулирале овие 40 години. Пензионерите сега што се добиваат пензии од придонесите што вработените сега ги плаќаат за оваа намена,. Според тоа системот за пензиско и инвалидско осигурување на запад е едно, она што веројатно со новиот закон ќе се промовира, а она што како практика овие 40 години било е сосема друго. Според тоа, не може да бидат точни информациите дека овие 40 години некој ги разградувал тие средства, некој ги изел тие средства, ги упатил ненаменски или нестручно работел со тие средства, па од тие причини сега нередовно се исплатуваат пензиите. Пензиите нереално се исплатуваат од проста причина што нередовно вработените земаат личен доход, па со тоа и придонесот ќе се уплатува, со задоцнување се уплатува односно проблемот со исплата на личните доходи што го имаат во ОЗТ и во претпријатијата, истите проблеми се јавуваат и во овие фондови односно довчерашни СИЗ-ови, а сега фондови за пензиско и инвалидско осигурување, како и сите други фондови кои се алиментираат од личните доходи на вработените. Според тоа, придружувајќи се на позитивните оценки кои беа дадени за господинот Зрмановски, со кој во еден период сум имал и лична можност да работам, високо ценејќи ги неговите квалитети, високо ценејќи го придонесот кој го дал за овие 15 години во разните фондови за социјално и воопшто креирањето на социјалната политика во Републиката, предлагам да му дадеме поддршка на таа функција повторно да биде избран.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Ристо Станковски.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, многу ми е незгодно кога мора оваа говорница односно оваа сала да ја правиме еден вид школска училница, пак мораме некому да му кажуваме некои работи и комплетно ќе мора ова да го објаснам и за јавноста претходно и претходниот дискутант го

кажа, а и господинот Стоиле Стојков да го знае. Фонд немало 40 години. Фондот постои од како се направи ова Собрание, јасно и гласно, понапред се плаќаше по систем на при- донеси и постоеше СИЗ за инвалидско пензиско осигурување. Според тоа, господине Стојков, ако не знаете, барем немојте да ја злоупотребувате говорницата, ако пак сакате нешто друго да постигнете...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, не се обраќајте што да прават други. Секој овде е слободен да си каже сам.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:!**

Добро, се извинувам.

Инаку, јас сакам барем едно да имаат сите предвид. Се работи за група од 200 илјади пензионери. Евентуалниот не избор на директор, јас не велам дека овој е најидеалниот, меѓутоа, факт е дека само еден кандидат имаме јавено и практично бојкотирање на истиот тој кандидат тоа значи дека ние не сакаме тој фонд да функционира.

VI/1.- ЈЛ/ЉР

**РИСТО СТАНКОВСКИ**: (продолжение)

Ако некој скал да се кандидира, тоа бил јавен конкурс, можел секој граѓанин на Мкаедонија имал право да се кандидира на таа функција. Веројатно немал интерес и можеби има друго, имаме и еден кандидат. Сега на избирањето на тој кандидат можат да бидат доведени во прашање маса од 200 илјади пензионери во незавидна состојба. Имајќи го тоа во вид кога ќе се гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се!јавува г- Стојков, веројатно има реплика.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Очигледно компетентноста и стручноста од типот на Сојузот на комунистите на Македонија продолжува и понатамј. Само да кажам една работа, гопсода за да не биде јавноста манипулирана од претходниот говорник, од 1945 година до некаде,до појавата, на СИЗ-овите, г-динот сигурно многу добро го проучил Кардељ кога се појавија СИЗ-овите во Југославија, во бивша Југославија па и со тоа и во Македонија, па и постоеше некој вид фонд. Затоа од 1945 годинг Македонија работеше врз тие закони што постоеја во бивша Југославија и тогаш исто имаше пензиони фондови, се до 1970 и не знам која година 1974 или 1975 година , не памтам доволно, до појавата на СИЗ-ови, исто така постоеше пензионен фонд. Поради јавноста ова, исто така, г-динот Станковски . И мислам дека зборот фонд јас морам да кажам уште еднаш иако овде секогаш ни се сервира комунистичка работа дека тие се само единствените, компетентни да објаснуваат, дури и посебно македонските зборови што значение имаат, морам да кажам дека јас знам дека фонд значи во кој нешто треба да се вложува. Така како наједноставно толкување би било за зборот фонд. Јас пак морам да  да напоменам, да

ви кажам Холандија, да ви кажам една прекрасна емисија што беше направена од г-динот Чомовски, како и на кој начин може Македонија некои работи да ги научи од тие земји кон кои се стремиме. За жал изгледа дека такво расположение во ова Собрание не постои, зашто свеста сеуште ни е сигурно, онаа останатата од 1945 година со измиени мозоци и со таа карделовштина и титовштина.

**ПАНЧЕ НАСЕВ:**

Сакам да кажам дека фондот за инвалидско осигурување не е изграден како што некој сакаше да каже или дека парите се потрошени, туку едноставно тој се празни затоа што или нема доволно средства во него, затоа што тој се полни од едни извори кои се помал ги има во Републиката. Тоа се придонесите од платите на работниците. Ако во Републиката имаме се помалку претпријатија кои штоп редовно исплатуваат плати, ако имаме претпријатија што се во стечај, ако имаме претпријатија кои земаат минимален личен доход и ако имаме претпријатија кои се пропаднати, така што изводите се помалку и по-малку го полнат овој фонд.

И второ, овие претпријатија кои сега вршат редукција на своите работници или вршат редукции со исплата на 24 плати или со испраќање во пен зија на работници пред време, што значи бројот на пензионерите се зголемува, а изворите се намалуваат. Тоа е случај така што пред извесно време беше 4 вработени на еден пензионер, а сега е 2,5 вработени на еден пензионер. Според тоа тоа стварноста и јас сум за избор на директорот и му давам поддршка.

VI/3.-

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Господа пратеници, ќе бидам многу краток, бидејќи пот- претседателот Киро Поповски кажа дека именуваниот г-дин се наоѓа 15 години на оваа функција (попадица дека ја познава оваа функција) односно ја познава, меѓутоа да б идеме начисто и јасни - доста партии сме биле и сведоци преку средствата за информирање и минатото Собрание и ова Собрание апелираше до дотичниот господин да изврши барем некаква трансформација, односно нова методологија во инвалидско - пензискиот систем, односно да има помал расчекор меѓу најмалата и нај- големата пензија. И ако од оваа говорница истиот г-дин има ветено, ама буквално нема ништо сторено, нема мрднато со прст. И затоа апелирам да не му се даде поддршка затоа што ќе се најдат кои ќе се зафатат во коштец и ќе го решат проблемот на инвалидското и пензиското осигурување. Јас наполно се согласувам дека само на 2,3 работници доаѓа 1 пензионер, меѓутоа разликата од најниската до највисоката пензија треба да се намали за да не ги боде очите на оние работници кои што остваруваат материјални добра односно што градеа пруги и железници, останаа со најминимална пензија, додека оние кои вака, искрени да бидеме, кои се најдуваат во овие клупи каде се наоѓаме сега и ние, земаат високи пензии и имаат високо достоинство во оваа држава. Мислам оти тоа требаше г-динот да го стори, меѓутоа, на жалоснити го сторил, ниту има намера да го стори.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**

Сакале или не сакале ние ќе откриеме една вистина за системот. Мене така ми се чини дека ние самите ќе се откриеме, односно ќе откриеме стариот систем што работел. Ракоплескавме дека работникот тоа, она,ова, а фактички за работникот не се водеше никаква грижа дека

VI/4.-

утре тој ќе оди во пензија. Значи тој нема ништо дадено. Нема ништо оставено. И сега ќе мора овој работник голобосиот да го рани тој пензионер од 60 години, да му дава нешто таму, за да живее. Не е така бре луѓе. Да не се лажеме!

Во секое општество во секоја држава од 1945 година му се држеше на луѓето, сите работевме. Сега тие ако не ги ставеле во Фондот, ако не ги ставеле во вреќата, а ги ставале во некоја торба и ги трошеле, не се виновни пензионерите. Велиме од 1975 година подруго беше. После се минува и станува нешто друго. Некоја трансформација. Меѓутоа, и во таа трансформација пак треба да има тој. Што рече Стоилков, значи треба да има каса. Не сакаме сега, не сме никој грешници, јас не велам дека од вас е грешник и дека отидоа зедоа од таму пари. Грешник е системот и луѓето кои работеа таму. Му треба на некој, да речеме Титов Завод, во тоа време, а уште се вика така, а не можеме да го смениме тоа има затоа што не сакаме да го смениме. Е, не стигаат за работниците пари! Не стигаат пари, не може да се исплати овој месец и од каде ги наоѓаме?. Оттаму од каде што беше да се земат. Од овде. Од тоа место ги црпеа. Затоа што тој немал глас. Тој или умрел, или ако е жив тој е сакат, не може да бара. Според тоа не сакаме тука да се прикажеме како спасители на тие сиромашни луѓе, на пензионерите, ниту пак да правиме некаква пропаганда. Но, барам една работа, да се усоврши системот и да изумре стариот систем на работа. Без системот да изумре, ништо не направивме. Јас кога зборувам за систем, многупати не ги напаѓам луѓето, иако луѓето го прават системот. Тој што е способен нека си остане. Тој што е неспособен и нека не ги има залепено прстите таму, во медот и му се заплеткуваат тука осите, тој треба да си оди. бре човече!

VI/5.-

Не може ли сега, колку што разбрав тој човек, еве без да сакал кажал, сами се откриваме, но дека тој човек работел таму, јас не го познавам човекот, и не сакам да го врегам, вели тој човек работел неколку години таму во инвалидско и пензиско осигурување. Тогаш, ако е така, да го прогласиме за цар на пензионото осигурување и да свршиме работа. Во тоа е работата, не е во нешто друго. И затоа јас кога излегов реков има кадри. Па што произведуваме ние, мајката, тие луѓе, тие деца, цел век ќе останат сакати, по улициве, и ќе бегаат од оваа земја некаде надвор да бараат работа?. Еден човек, рече се јави, мај- ката! Значи само еден човек имаме ние. Жими него и точка. Не можеме такви работи (се смешка). Тоа е системот. &Тоа е работата на стариот систем. Тоа е нешто што непредвидливо.

Има уште една работа. Велиме вака , еден од дискутантите, не го именувам вели какви, вакви, барем имаат пензии. Па тоа не е збор, бре луѓе. Такви - вакви, утре ќе одите во пензија, такви - вакви работите 40 години, таква - ваква работа, земаше 300 сега 400 илјади, ќе ти даде 20 илјади и оди живи. Ќе умреш, што ќе правиш. Ќе те испастри!. Подобро да те отепа, него да одиш во пензија. И тоа не е збор. Значи и тоа не е, значи работа, збор без одговорност. Без одговорност!. 200 илјади пензионери, нека се живи и здрави, али како што ги носиме треба во фрижидер да ги пикнеме. Јас еднаш реков пред ова Собрание и треба тие 2 00 илјади да чекаат сега од некого да работи, а ќе го повторам кој не зема плата да ги држи. Сега ќе речете, чекај бре Митко, не сме ние криви. Не сме криви ние, што сме сега тука, но биле криви тие што биле пред нас тука. Тие требаше да знаат дека еден ден ние ќе бараме пензија, или ќе дојдат до пензија луѓето. Или тие не ги сметаат за луѓе, викаат дури да дојде до пензија, ќе умре, нека стои празна касава. Не е ни за смеење, ни за плачење. Значи такви - вакви пензии, не можат да

бидат. Секој ќе си зема пензија како што изработел. И пак ќе повторам уште еднаш прстите во фондовите за социјално да не се ставаат. И нека се повтори конкурсот, нека не се даваат етикети вакви - такви, нека помине преку комисии и од најспособните, без разлика од која партија и каде припагал, да биде тој и таа комисија добро да го разгледа Само така јас мислам дека ќе бидеме праведливи спрема човекот и спрема народот, и спрема се.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Г-диние претседателе, дами и господа пратеници, некои работи што беа кажани од оваа говорница, навистина немаат смисла. сигурно што се зборува и по содржина, а и треба да водиме сметка по тоа што сакаме со тоа што го кажвуаме на говорницата да избориме или да постигнеме. Ние мешаме две работи. Една е личноста на кандидатот за директор на фондот, а друго се состојбите во фондот за инвалидско и пензиско осигурување. Притоа, свесно од оваа говорница, и ако се знаат состојбите, во името на некако сосема јасни интереси, тие се извртоперуваат и се ставаат во служба на остварувањето на тие интереси. Да се зборува овде за прсти во Пензиско и инвалидското осигурување, да се зборува за формирање на комисија на која што треба да и се докаже кај се украдените пари од пензиско и инвалидско, а да притоа се знае дека никаде во светот пет вработени не издржуваат двајца пензионери и двајца невработени, дека никаде во светот тие пет вработени не примаат така ниски плати и не ги примаат така нередовно, со такво одложување од месец - два или три, и затоа, заради тоа што тие плати се собираа средствата во пензиското - инвалидското осигурување порано со 16% а сега со 18,5% итн., и дека само заради тоа што има огромен број на издржувани пензионери од мал број на вработени и заради тоа што тие вработенине примаат на време плата, не може да се

лиферуваатт средства во Фондот, дека тој фонд постојано е со недостаток на средства и мора постојано да се снаоѓа со разни позајмици, премостувања, оддолжувања итн., и да се зборува во услови кога нема средства и стално недостасуваат, само од објективни причини дека тие средства биле украдени, пренесени на друго место итн., да се зборува или да се покажува лицемерие од оваа иста говорница, заради тоа што н а оваа говорница се залагавме пред не многу време, ако се сеќавате, околу предлогот на пратеникот Александар Гештаковски, да донесеме закон со кој што ќе се измени срамниот износ, и на г-динот Бранко Арсовски, срамниот износ на нашите пензионери - земјоделци кои што на времето кога го изменивме законот, имаа 300 стари денари пензија, а сега имаат 380 илјади денари, минимум, при што сите сме свесни за следново. - дека внатре влегоа луѓе кои што имаат еден до пет декари обработлива земја. Минатата година гледав неколку случаи со бруто за катастарски приход од 1.500 денари, или десетина илјади денари, сите да ги вложиле средствата што ги оствариле, никојпат не можат да лиферуваат доволно средства во сегашниот фонд за пензиско-инвалидско, за да добиваат по 38 или 47 илјади денари пензија. Ние во пензиското и инвалидското осигурување отидовме свесно на една социјална компонента за една категорија на луѓе, спрема кои што имаме обврски, иако тие во тој фонд ни еден спрема 100 ставено средства, во однос на тие средства што денеска ги црпат. Има бројни причини за тоа што ги нема парите во сегашниот фонд. Многу од нас овде знаат во колкав период личните доходи, поранешни се исплатуваат преку пакети, бонови итн. На тие бонови и на тие пакети што се даваат, давачките спрема пензиско - инвалидското па и спрема образованието и спрема здравството не се давaa. Од каде, ако не се внесува ќе има средства.?

Да завршам, додека бев претседател на Заедницата за образование, соработувавме со Зрмановски , се боревме пред ова Собрание, за прав третман на овие општествени дејности. Човекот е извонредно доследен и компетентен и на тоа не може да му се приговори. А тоа, што овде е омаловажуван, напаѓан, тоа може да му служи и како чест, зашто на ваков начин е напаѓан или линчуван еден Киро Глигоров, еден Денко Малевски, па за неговата маленкост, тоа не би требало да претставува не знам каков удар.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Јас се извинувам што се јавувам повторно, но нужно е да се речат неколку зборови бидејќи дискусијата отиде на Фондотм, а не на човекот, кој се предлага, сметам дека малку отидовме во погрешен правец. И затоа од повеќе пати овдека пред Собранието имаше информација за состојбите на Фондот, не еднаш. Меѓутоа, тогаш толку немаше слух за состојбите во Фондот. Фондот не е осиромашен од не знам што а ако некој има докази нека ги изнесе од што е осиромашен. Меѓутоа во 1990 година имаше 120 илјади пензионери, а стапката на придонесот беше 16%, до 1991 година до декември. Од декември 1991 година стапката е покачена на 18,5%. Цело тоа време кога ставката е ниска а бројот на пензионери растеше, зашто целокупниот технолошки вишок отиде во пензија. Така од 120 илјади пензионери во 1990 година дојдовме до бројка до 200 илјади пензионери. И она што пред малку претходниот дискутант го кажа, односно Панче Нацев од Штип тој што кажа дека од 4,1 вработени на еден пензионер дојдовме на 2,5 вработени на еден пензионер. Ако тој тренд продолжи не ќе имаме ние, не да исплатуваме по месец дена закаснување, туку и по пет месеци зскаснување. Така што ги двоиме работите. Фондот е една работа, а човекот за кој се работи денеска кој е кандидат е сосема друга работа.

И сметам дека ние со законска регулатива, законот што беше пред нас за кој скоро расправавме како нацрт, треба некои работи кои не се во ред во однос на исплатување на пензиите односно односите во пензиите, сигурно дека со Законот што ќе го изгласаме тие работи ќе ги расчистиме и ќе ги разрешиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Се извинувам, јас само кратко. Јас како прв дискутант, бидејќи се споманв, реков дека за една индивидуа, кога се работи и овде за директор, треба да има одредени атрибути, нормално одредени елементи за да тој ги извршува директорските функции и задачи. Реков меѓутоа, дека човекот треба да има компетентност, стручност, да има искуство и да има организациони способности итн.

**БРАНКО АРСОВСКИ**: (продолжение)

Во таа смисла да објаснам, бидејќи се спомна дека е овде способност, јас способноста ја гледам во интеграцијата на овие четири - пет елементи. Човекот треба да има стручност, тоа е многу битно, компетентност во професијата, да има работно искуство за да може да ги согледа сите проблеми и да има организациони способности да го постави целокупниот систем на пензиско - инвалидското осигурување. Во таа смисла мислам дека сум јасен. Стојков во таа смисла алудираше што значи компетентност, што значи стручност. Јас го објаснувам од тој аспект. Во таа смисла му давам поддршка на Зрмановски.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе, можеби не помнам добро, но кога беше даден предлогот од господинот Никола Крстески да се разгледуваат точките од дневниот ред каде што се врши именување, како што јас памтам вие забележавте дека ќе ги гледаме овие точки за кои нема спорно ништо. Мислам дека во таков дух и со таков тон неколку именувања поминаа.

Сега, после оваква расправа, сметам дека е најцелисходно едноставно да се држиме до таквото ваше укажување, бидејќи имаме предлози на закони што се многу битни за финансиското работење на Република Македонија.

Би сакал за ова да го слушнам вашиот став за да можам да продолжам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжете.

VII/2.-

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Зборот ми е дека ние се спогодивме и така беше гласано тука да ги разгледуваме оние предлози што не се спорни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кои во постапката не се спорни, се разбира. Инаку, тука може да има различни мислења. Не може едногласие да има.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Значи можеме и денешниот ден и утрешниот ден и сите натаму да ги минеме во разгледување на предлозите. Благодарам, јас тогаш можам да продолжам.

Во врска со предлогот за именување директор на Фондот за ПИО, она што имав можност да го слушнам во дискусиите, мене длабоко ме разочарува поради две околности.

Најпрво е тоа што во демократската држава Македонска после спроведените плурални повеќепартиски избори сеуште не се јавуваат повеќе кандидати. Ова го констатирав и пред година и повеќе, тогаш имавме именување на судии. Мислам дека е жалосно за сликата на оваа држава ако, посебно младите кадри не се мотивирани да земат учество, барем на конкурсите за да раководат, управуваат со одредени сегменти или установи.

Инаку, и да имаше повеќе пријави, Комисијата за избори и именувања до Пленумот во принцип доставува само еден кандидат. Така што, пак тука ќе се разгледуваше предлогот за еден единствен кандидат, поточно предлогот за она лице кое добило мнозинство гласови на таа комисија. Ќе биде и подолго и пократко.

Другата причина поради што сум јас разочаран е таа што Одделението за кадри и персонална евиденција, веројатно ова е прецизниотназвид на Одделението при Владата, доставува

образложение во кое и поранешните функции се наведени при Централниот комитет и воопшто во Сојузот на комунистите на Македонија.

Исто така, мислам дека барем овој дел на образложението пожелно е да не биде содржан во него, бидејќи ние, не само што именуваме конкретно лице, туку даваме поддршка и на пишаниот текст кон предлогот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза до 15 часот бидејќи има уште тројца пријавени дискутанти, а веројатно уште ќе се јават.

(пауза од 14,00 до 15,40 часот)

Продолжуваме со работа. За збор се јави Санде Давчев.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитувани пратеници бев предизвикан од последната дискусија на последниот дискутант, бидејќи беа изречени доста невистини, па да не остане во јавноста нешто што ќе лебди во тој стил.

Ние денеска имаме точка на дневен ред - Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за именување директор на Фондот за ПИО на Македонија.

Комисијата за избори и именувања на Републичкото собрание не избира директор на Фондот. Директор на Фондот избира Управниот одбор на Фондот. Управниот одбор на Фондот имаше формирано комисија за избори и именување и таа процедура беше законски спроведена. Конкурсот беше во "Нова Македонија", така што секој граѓанин на Македонија кој ги исполнува условите по овој конкурс можеше да се јави. Но, можеше да се јави на конкурсот што го даде Управниот одбор на Фондот. Управниот одбор на Фондот избира

директор, а ние можеме да дадеме согласност или да не дадеме согласност. Така што во секој случај пред нашето собрание ќе имаше само еден кандидат. Не можеше да има ниту двајца, ниту тројца ниту пет души.

Друго, сакам да кажам дека, познавајќи го директорот, сега в.д. директорот на Фондот, мислам дека успешно и натаму ќе ги обавува работите и давам целосна поддршка за неговиот избор.

Што се однесува за пензиите, дали се големи или мали, колку ќе биде приливот во Фондот за ПИО ќе зависи и од одлуките што ги донесуваме, односно законите што ги донесуваме во ова Собрание. Стапката од 18,5 ние ја изгласавме. Колку ќе има прилив, ќе зависи од работата на стопанството и од стапката што ние ќе ја определиме. Сме ја определиле оваа стапка, а директорот на Фондот треба сите , закони што ние ќе ги донесеме да ги спроведува. Ако има некој од дискутантите што ќе каже дека незаконски работи или не ги спроведува законите, што ние ги донесуваме, тогаш ќе најдеме мана на неговото работење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Бошков бара реплика.

**ЈОРДАН БОШКОВ;**

Дами и господо, јас не барам реплика, туку само по однос на процедурата. Господине претседателе вие коректно мене ми давате збор а слушам тука од клупите други прозивки, па за тоа не би сакал овој мој настап да биде сфатен ако реплика туку едноставно ќе зборувам за процедурата.

Ме интересира, господине претседателе, кога се добива реплика, дали кога ќе се спомне конкретното име и презиме или кога ќе се даваат цитати или пак недвојбено посочување еден од говорниците

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само, немојте ве молам тие работи да ги расправаме сега.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Ова што го слушнавме од претходниот дискутант, јас не се толку женирам, ќе кажам дека беше господинот Давчев, беше мотивиран настап од излагањето на претходниот нему дискутант. А, она пак што го слушнав некорелираше ниту 50% со она што, јас барем, колку што ме држи моќта на помнешето, а не е баш најголема, ниту 50% велам не се совпаѓа тој настап со настапот што беше од мене.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, работејќи во Комисијата за труд и социјала каде имав на повеќе наврати можност да работам со актуелниот директор, сакам да го кажам следново:

Мислам дека во овој миг не постои друг човек во Републикава кој подобро ги познава проблемите во Фондот за ПИО... (настана жагор во салата)... од следниве причини:

Вие, и сами знаете дека состојбите во работењето на стопанството, што директно се одразуваат на состојбите не само на Фондот за ПИО туку и во фондовите на здравството и другите фондови се повеќе него во катастрофална положба. Тоа е од една страна.

Од друга страна, имајќи предвид дека финансиските, така да кажам прекршоци, неуплатувањето на придонесот, земање плата во натура, исплата преку бонови итн., тоа е се нешто кое и покрај тоа што паѓа бројот на вработените директно се одразува и покрај зголемената стапка од 16 на 18% состојбите во фондот да се силно нарушени. Така што сега овде имаме состојба во времето кога имаше 4,5:1 пензионер сега сме во состојба со 2,5:1 и тогаш јасно н,и е каква е состојбата и колкава е висината на пензионерите.

VI/6.-

Натаму, би ми било сосема разрешено моето размислување и дилема во тоа дали да бидам за или против во случаи доколку имаше тука некои дискутант кој има поинаку мислење да изнесе за проблемите во смисла на тоа бидејќи и тој порано работеше на таа служба има одредени финансиски малверзации или некои други проблеми кои се сврзани со неговото работење или пак, за што сум јас исто така заговорник, да постои, на пример, конкуренција на некој помлад од него, за да во овој случај, како пратеници, го поддржиме итн.

Меѓутоа, имајќи ја предвид исправната процедура која поминала преку Управниот одбор што е сврзано со статутот на Фондот, а сето тоа е нешто за што ние сме дале виза така да кажам, и Управниот одбор и статутот се гласани од Собранието па преку оваа Комисија за именување сега сме последна инстанца која на некој начин треба тој избор што е извршен да го извршиме.

Мислам дека е крајно нечовечки ако тука некои се повикуваат на некои податоци, се апострофира што бил именованиот во претходниот период на своето работење, членување итн. Мислам дека би бил поголем грев доколку бевме тука доведени во состојба некои работи да се прикриваат, а од пратениците се изнесе дека, зошто дека тој во своето поранешно работење работел тоа и тоа, а сега тоа не се изнесува.

Гледано од тој аспект, мое лично мислење и преку работата на трудот и социјалата, мислам дека основното и најбитното што е за овој човек е дека се залага за правата на пензионерите, преку борбата за зголемување на стапката, за реалните состојби во стопанството и можностите за издвојување, мислам дека е тоа најбитно и дека е тој моментално оној кој најмногу треба да одговара.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, на дневен ред е точката Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за именување директор на Фондот за ПИО на Македонија.

VII/7.-

Моите претходници говореа за техниката за избор на директор, што значи дека се е препуштено на Фондот. Ние овде што треба да работиме, да донесеме одлука, да дадеме или не согласност на личноста која се нуди да биде директор на Фондот за ПИО. Нашата задача ќе биде навистина јасна и гласна да расправаме за компетенцијата и стручноста на овој човек.

Јас лично говорам ниту го знам физички, ниту го знам лично, кој е и што е. Комисијата, односно предлагачот не ни даде ништо друго освен негова политичка кариера во напредувањето преку одење од една функција во друга во бившиот Сојуз на комунисти на Македонија. Таква, уверен сум дека во конкурсот, сигурно, ниту една од овие причини не е наведена како конкурсен услов. Јас ќе мислам, поарно ќе беше ако од предлагачот овде на нас, во Собранието ни беше дадено поблиску сознание за неговите стручни квалитети, за неговата стручна работа и за способноста дали ќе може во овој момент, при вакви законски и други околности да го води овој фонд или не. За жал ниту од еден дискутантите овде таква работа не добив, освен што некој од дискутантите рече дека лично го знае и работејќи со него добро работел. Што? Дали добро беше директор, дали добро ја водеше институцијата или што? Во овој случај јас останувам без глас затоа што ќе треба да дигнам рака да дадам согласнсот некој да биде директор или не биде, па ако гласам за него, ако ги нема квалитетите што се барат за ова место, ќе направам грешка. Ако гласам против него, а ги исполнува и ги има тие квалитети, пак ќе направам грешка.

Затоа, не да се придржуваме на зборот на еден од дискутантите дека ако сега не го избереме овој директор, значи не го сакаме Фондот за ПИО, Фондот ќе пропадне. А, што ќе беше, не мислам, овој човек по било кој случај да не е кандидат некој друг да е кандидат и ние му дадеме промоција а тој ги исполнеше желбите на господ и умре, за тоа сакам да

кажам, што да е, јас кажувам условно, затоа што беше кажано ако не го избереме овој човек сега, ако овој човек сега не го избереме ќе пропадне Фондот. Кажувам што е можно физички. Значи, физички е можно и да го избереме и да не го избереме, физички е можно и да е жив и не. Во овој случај да. Во овој случај, кажувам, што? Да размислиме што ќе направиме кого ќе избереме а не од потребата да не пропадне Фондот. Ако сакате да гласаме за некој и ќе говориме за него. А, ако сакаме да не гласаме, тогаш да не говориме и не треба и да гласаме. Како што повлековте еден предлог, повлечете го и овој и ќе биде мирна работа. I

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Сведоци сме на многу интересна појава. Дури и кога ги фалиме кандидатите, па и кога ги критикуваме ефектот е ист. Го уништуваме достоинството на тие луѓе.

Сметам дека ова прашање е прашање на мнозинството во Парламентот и одговорноста што произлегува на тие што може да имаат надмоќ надгласањето, а за тоа и да одговараат, да одлучат. Сметам дека влегуваме во сфера на малограѓански оговарања за кандидатите што не е примерно за еден Парламент. Би била страшна вистина за Македонија доколку нивото на Парламентот навистина биде над нивото на кандидатите за така одговорни функции, односно сакам да кажам дека немаме право да дискутираме во детали за работи кои се во сферата на личниот интегритет.

Затоа мислам дека расправата за овие прашања, кога имаме кандидат, треба да се сведува на расправа што ќе ја водат претставниците на пратеничките групи како ставови да се даде до знаење на Парламентот, генерално, но не и поширока расправа и да се прејде на механизмот на одлучувањето

VI/10.-

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Колку што знам, бидејќи тука сите излегоа кои го познаваат, јас не го познавам, но колку што знам и колку сум информиран, на Комисијата за избори и именувања тој помина едногласно. Тао значи дека четирите партии што се застапени во Комисијата Сојузот на реформските сили, ДСД, ВМРО-ДПМНЕ и ПДП, јас сметам дека е тоа нивни заеднички кандидат бидејќи никој не бил против, таму на таа Комисија.

Зборувам принципиелно, не ме интересира кој човек е. Ме интересира само една работа дали може Владата да одговори за време на неговиот мандат дали доаѓало до прелевање на средства од Фондот за ПИО во други фондови? Доколку доаѓало до такви прелевања, јас лично ќе бидам против од причини што веќе пред една ипол година во мојата изборна единица имав неколку контакти, состаноци со пензионери кои што беа многу повеќе, морам да признам, од мене упатени во оваа проблематика и кои ми укажуваат за голем број малверзации со овој Фонд, укажуваа на многу случаи каде што средствата од овој фонд се прелевани во други фондови.

Затоа ме интересира , Владата да одговори, да не биде тоа на рекла - казала, дали во последниве четири - четири ипол години кога бил именуваниот господин претседател на тој Фонд, дали имало прелевање или немало? Доколку немало, доколку тој се грижел за овој Фонд, тогаш не гледам зошто да не го избереме. Меѓутоа, до колку имало прелевање на тој фонд, од Фондот за ПИО не може наменски да се издвојуваат средства за градење итн. Тоа е една работа.

Второ, би ме интересирало исто така дали господинот кандидат за директор на тој Фонд има некоја визија која би ни ја понудил за развој на еден современ, модерен модел на ПИО, модел од типот на Запад затоа што сметам дека со постојниот, сегашен модел како што е, дека не соодветствува со модерните држави и западни демократии.

Доколку е можно, некој од Владата, еве тука е министерот за финансии да ми одговори, би бил задоволен.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Иако расправаме, почитувани пратеници, за давање согласност за одлука, меѓутоа мислам дека овде се искажаа зборови дека во 1990 година во Македонија имало 120 илјади пензионери, односно соодносот вработен - пензионер бил 4:1 или 4,1 вработени на еден пензионер. На крајот на 1992 година, такви податоци слушнавме овде, имало 200 илјади пензионери, а соодносот бил 2,5:1.

Се поставува прашањето, издвојувањата од 1945 година до 1990 година за ПИО, освен за пензиите на дотогашните пензионери, каде е остатокот од средствата, односно каде отишол тој капитал?

Издвојувањето за ПИО вработениот во својот работен век го издвојува за своето пензионирање. Тоа е секаде во светот. Ако после 1941-1944, за време на војната и окупаторите на оваа македонска територија им исплаќаа пензии на претходните пензионери, се разбира како наследена обврска, се поставува прашањето колкав беше соодносот пензионер - вработен од 1945 година сукцесивно на секој 10 години до 1990 година?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**: (Продолжение)

Спрема некои податоци што ги знам во 1946 година тој бил 10, нешто итн. Знам дека ве боли господа од СДС, како наследници на СКМ, боли, боли, знам. Парите што секој вработен ги одвојувал за своето идно пензионирање оделе на една жиро сметка, на сметка на фондот се до 1974 година односно на СИЗ-от за пензиско и инвалидско осигурување од 1974 година до измена на законот.

Освен за пензии на дотогашните пензионери, се поставува прашање, каде и зошто се користени остатокот од овие средства што секој работник, службеник, професор, лекар или од други занимања ги вложиле за своето утрешно пензионирање, ако знаеме, дека тогашниот централен комитет на Комунистичката партија беше тој што решаваше за многу работи од нашето секојдневно живеење и иднината на оваа сега, фала му на господа, независна македонска држава, кај мене се создава впечаток дека при сегашен празен фонд за пензиско и инвалидско осигурување ќе се појави уште една афера, како со девизните заштеди, односно се поставува прашањето каде се потрошени средствата за пензиско и инвалидско осигурување. Дали дел од тие средства се вложени во разни инвестиции, во изградба на станбени објекти, индустриски, здравствени, а јас ќе ви кажам еден податок дека пред 2 ипол години од тој пензиско инвалидски фонд се издвоија средства за некоја изградба во здравството, а сакале вие да го признаете или не господа тоа е точно, тоа е точен податок. Пред две ипол години господине Станковски. Или пак се вложени во изградба на посебни објекти и катчиња за разонода на тогашните партиски и државни функционери кои и ден денеска уживаат во нивната ексклузивност, а пензионерите кои цел работен век издвојувале за своите пензии, ќе повторам затоа се работи за фонд, иако некој сака да ме увери дека нема фонд, денеска истите не можат ниту на време ниту во соодветен износ да ги добијат своите пензии.

VIII/2.-

Второто прашање зошто денеска соодносот вработен - пензионер е 2,5 спрема 1 односно би се запрашал каде е ветувањето на оваа Влада од која гледаме два три министри тука, пред 7 месеци кога се избираше вети дека ќе обезбеди благ пораст на производството, а со тоа и нови работни места, се поставува прашањето колку наши млади завршени кадри со средно, вишо и високо образование ја чекаа шансата што оваа коалициона Влада составена од наследникот на комунистичката партија СДС...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не е на дневен ред.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Либералите, албанските партии им ја ветија....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Изјаснете се за одлуката.

**СТОИЛЕ СТОЈ$ОВ:**

Затоа велиме дека соодносот е 2,5 спрема 1 господа вашата коалициона Влада односно составена од СДС, а либералите и албанските партии им ветија на луѓето дека ќе им најдат вработување. Што се случува? Многу млади луѓе ја напуштаат оваа држава и сеуште ја напуштаат, а вашата Влада што е овде како коалициона не им обезбеди, па затоа имаме во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување наголемување на стапката на 18,5% и соодносот 2,5 спрема 1. Утре може би ќе биде 2, а задутре со оваа ваква Влада ќе биде и 1 спрема 1.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Стојков вратете се на темата.

**СТОИЛЕ СТОЈКВО:**

Затоа барам, на темата господине претседателе, јас знам дека и вас ве боли, мило ми е што ве боли, Вие сте член на таа коалициона

Влада, се прашувам зошто еднаш овој парламент еднаш не почне да расправа за такви проблеми односно појави на шверц, корупција, мито итн., и зошто овој парламент еднаш не ја согледува суштината на проблемот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, напуштете ја говорницата господине Стојков, ајде напуштете ја говорницата сега.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Знам, господине претседателе, јас ви благодарам...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам по моите опомени вие продолжувате со исто.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас сакам да докажам дека за шест месеци...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие не докажувате ништо, Вие зборувате за нешто што не е на дневен ред. Јас ви реков зборување за тоа што е на дневен ред. Вие не саката да зборувате за тоа.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Затоа господине претседателе оставете ме да довршам, да се докажам зошто нема да гласам за овој кандидат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, изјаснете се за одлуката, само за тоа, ништо друго не е важно.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Затоа, почитувајќи го мислењето на почитуваниот претседател кој секогаш манипулира со овој парламент, морам да кажам, ќе кажа дека нема да гласам за овој предлог од проста причина што овој парламент...

VIII/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие господинов Стојков манипулирате со говорницата и со трпението на сите овде. Кажавте, сега напуштете ја говорницата, ве молам.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Не, не се доискажав, јас ќе ве замолам да си ја довршам мислата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мислата можете да си ја довршувате после а сега напуштете ја говорницата, ве опоменав двапати по Деловникот да застанете на темата на која треба. Напуштете ја говорницата.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Ви благодарам на културата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не може човек да ве натера да зборувате по- Деловникот за тоа што треба да зборувате. Немојте така. Ова нема крај . Ќе дојдат тие точки кога треба, па зборување тогаш, се разбира. Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го завршувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (44)

Дали има некој против? (17)

Дали некој се воздржува од гласање? (25)

Значи, од 86 пратеници 44 се за, 17 се против, и 25 се воздржани.

Констатирам дека Собранието .... Молам, господинот Флоровкси бара збор.

VIII/5.-

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи се сомневам во гласањето, барам поединечно да се гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има 10 пратеници што бараат поединечно гласање? Има 10.

Го молам секретарот да го обави поединечното гласање.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

1. ФАИК АБДИ - за
2. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА - воздржан
3. ЕШРЕФ АЛИУ - за
4. ХАМИД АЛИУ - воздржан
5. МИТКО АНАСТАСОВКСИ - против
6. СТОЈАН АНДОВ - за
7. ТИМЕ АНДОНОВ - за
8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ - не е тука
9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ - не е тука
10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ - не е тука
11. ДРАГИ АРСОВ - против
12. БРАНКО АРСОВСКИ - за
13. ДУШКО АРСОВСКИ - за
14. ГОРГИ БОЈКМОВСКИ - за
15. ЈОРДАН БОШКОВ - воздржан
16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ - против
17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВКСИ - не е тука
18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ - воздржан
19. ПЕТАР ГОШЕВ - за
20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ -'Воздржан
21. САНДЕ ДАВЧЕВ - за
22. РАТКА ДИМИТРОВА – воздржана

23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ - не е тука
24. ТОДОР ДИМОВ - за
25. ДОСТА ДИМОВСКА - не е тука
26. БОРКО ГОРЧЕСКИ - воздржан
27. ДУШКО ГОРГЕСКИ - за
28. ПЕТАР ГЕОРГИЕВ - за
29. ЗУДИ ЕМИНИ - воздржан

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, за тишина, оставете ги сами да гласаат, немате право вие да коментирате. Тишина, тишина, повелете господине секретаре а доста Вие господине Флоровски, не се слуша, многу викате.

**ИГОР СПИРОВСКИ.**

Ако може по гласно, повеќе пати сум замолил за погласно затоа што неможе да се слушне.

30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ- за
31. ГОРАН ЗАФИРОВКСИ - против

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Флоровски од вас никого не можеме да слушнеме. Што викате Вие, кој вас ве прашува. Тишина. Замолчете да можат луѓето да си кажат.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

Јас го читам Горан Зафировски а господинот Неделковски одговара. Неделковски кажа против. Ако може погласно.

32. НАСЕР ЗИБЕРИ- за
33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ - за
34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ - за
35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ - против
36. ИВАН ИВАНОВ - за
37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ - не е тука

38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ - не е тука
39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ - за
40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ - воздржан
41. РИСТО ЈОВАНОВ - за
42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ - против
43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ - за
44. ТАШКО КИРОВ - против
45. ЗОРАН КИТЕВ - не е тука
46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ - против
47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ - за
48. ГОРГИ КОТЕСКИ - не е тука
49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ - за
50. НИКОЛА КРСТЕСКИ - воздржан
51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА - не е тука
52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ - воздржан
53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ - воздржан
54. ЕФТИМ МАНЕВ - воздржан
55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ - за
56. ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА - воздржана
57. ФЛОРЕ МАСАЛКОСКИ - за
58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ - за
59. СТРАШО МИЛКОВСКИ - за
60. ПАНЧО МИНОВ - не е тука
61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ - за
62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ - против
63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ - за
64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ - за
65. АВДИ МУРТЕЗАНИ - воздржан
66. НАИФ МУСТАФА - за

67. ПАНЧЕ НАСЕВ - за
68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ - воздржан
69. СИМОН НАУМОВСКИ - не е тука
70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ - воздржан
71. ЈОВАН НИКОЛОВ - за
72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ - за
73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ - против
74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ - за
75. ТИТО ПЕТКОВСКИ - за
76. ТОДОР ПЕТРОВ - воздржан
77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ - не е тука
78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ - воздржан
79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ - не е тука
80. КИРО ПОПОВСКИ - за
81. ЊУБОМИР ПОПОВСКИ - за
82. НИКОЛА ПОПОВСКИ - за
83. ШАБАН ПРЕВАЛА - за
84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ - за
85. ИСМЕТ РАМАДАНИ - воздржан
86. ИВАН РАМБАВОВ - за
87. ШУКРИ РАХИМИ - воздржан
88. ФЕРИД САДИКУ - за
89. НЕИМ СЕЛМАНИ - воздржан
90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ воздржан
91. АЛЕКСАНДАР СПИРОВСКИ - не е тука
92. РИСТО СТАМЕНОВ -. не е тука
93. РИСТО СТАНКОВСКИ - за
94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ - против
95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА - за

96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ - за
97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ - за
98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ - против
99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ - против
100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ - воздржан
101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ - воздржан
102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ - не е тука
103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ - воздржан
104. БЛАГОЈ ТОШЕВ - воздржан ,
105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ - за
106. ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ - не е тука
107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ - не е тука
108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ - воздржан
109. АГИМ ФАЗЛИУ - за
110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ - против
111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ - за
112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ - не е тука
113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ - за
114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ - за
115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ - за
116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ - воздржан
117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ - за
118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ (пратеникот одговара со "по").

Не разбирам. (Пратеникот од место вели преведи). Не можам да преведам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нека тој каже дали е за.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

Веби Џемаили за.

119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ - не е тука
120. ХИСНИ ШАКИРИ - воздржан.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Гласале 98 пратеници од тие 54 за, 14 против, и 30 воздржани.

Според тоа констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за именување директор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија.

МИНУВАМЕ на **70-тата точка.** - Предлог на одлука за именување претседател и за разрешување и именување член на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев" .

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (69

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување претседател и за разрешување и именување член на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев.

Минуваме на **71 точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за разрешување од функцијата општински јавен обвинител во општинскиот Јавно обвинителство во Берово.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

VIII/11.-

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (72)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање(2).

Констатирам дека Јован Чичаковски е разрешен од функцијата општински јавен обвинител во Берово, по сопствено барање.

Минуваме на **72-точка** - Предлози на одлуки за разрешување од функцијата на заменици јавни обвинители ^о Општинското јавно обвинителство во Скопје.

Предлозите на одлуките Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор, (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката за разрешување на Јован Илиевски од функцијата заменик јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, предлогот на одлуката молам да крене рака. (71)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање (2)

Констатирам дека Јован Илиевски е разрешен од функцијата заменик Јавен обвинител во општинското Јавно обвинителство во Скопје по сопствено барање.

**СТОЈАН АНДОВ:** (продолжение)

Предлогот на одлуката за разрешување на Љупчо Ивановски од функцијата заменик јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (75)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Љупчо Ивановски е разрешен од функцијата земени Јавен обвинител од Општинското Јавно обвинителство во Скопје по сопствено барање.

Преминуваме на **точка 73** - Предлози на одлуки за разрешување од функцијата судии во Општинскиот суд Струмица.

Предлозите на одлуките Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Не сакам да навлегувам во мотивите за сите овие десетина оставки на судии и на јавни обвинители, само сакам една работа да кажам овде. Ние на секоја седница имаме случаи по десетина судии или јавни обвинители да разрешуваме. Се прашувам зошто е тоа така. Дали ние како држава имаме интерес судиите и јавните обвинители да си даваат оставка и ги напуштаат тие функции. Ние како држава сме инвестирале, сме ги школувале тие кадри и сега кога треба најмногу да придонесат за оваа држава тие бегаат од тие функции. Мислам дека треба многу да се замислиме за оваа појава, дали е тоа недоволно платена функција или што е проблемот јас незнам, но ова е проблем на кој министерот Туше Гошев и целата Влада треба сериозно да се замисли.

IX/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, слободниот избор на извршувањето на функцијата е лично право на секој граѓанин во Република Македонија кој ги исполнува условите да извршува некоја функција согласно Законот и Уставот на Република Македонија. Осетно е дека во последно време имаме осипување на судиите и обвинителите во Република Македонија, па јас отворено би го поставил прашањето и пред овој парламент, да се замисли, системскиот закон за судовите зошто не сака да го гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот

Предлогот на Одлуката за разрешување на Ристо Спасов од функцијата на Општинскиот суд во Струмица го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам, да крене рака?(75)

Дали некој е против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање?(1)

Констатирам дека Ристо Спасов е разрешен од функцијата на Општинскиот суд во Струмица.

Предлогот на одлуката за разрешување на Васил Донев од функцијата на Општинскиот суд во Струмица го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам, да крене рака?(69)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Васил Донев е разрешен од функцијата судија на Општинскиот суд во Струмица.

Преминуваме на **74 точка** - Предлог на одлука за разрешување од функцијата заменик јавен обвинител при Општинското јавно обвинителство во Тетово.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам, да крене рака?1 (71)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Васил Гавровски е разрешен од функцијата заменик јавен обвинител при Општинското јавно обвинителство во Тетово

Преминуваме на **75 точка** - Предлог на одлука за разрешување на функцијата судија на Општинскиот суд во Куманово.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (75).

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

IX/4.-

Констатирам дека Јусуф Рустеми е разрешен од функцијата судија на Општинскиот суд во Куманово по сопствено барање.

Преминуваме на **<u>точка 76</u>** - <u>Предлог на одлука за разрешување од функцијата судија на Општинскиот суд во Радовиш.</u>

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам, да крене рака?(74)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Благој Дамјановски е разрешен од функцијата судија на Општинскиот суд во Радовиш по сопствено барање.

Преминуваме на **<u>точка 77</u>** - <u>Предлог на одлука за разрешување од функцијата судија за прекршоци во Општинскиот суд за прекршоци во Тетово.</u>

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам, да крене рака? (75)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

IX/5.-

Констатирам дека Зоран Теофилов е разрешен од функцијата судија за прекршоци во Општинскиот суд за прекршоци во Тетово по сопствено барање.

Преминуваме на **точка 78 -** Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на РО музеи на Македонија - археолошки, етнолошки и историски.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој еза предлогот на одлуката молам, да крене рака?(75)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на РО Музеи на Македонија - археолошки, етнолошки и историски.

Преминуваме на **точка 79** - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на Комисијата за општествен надзор и претставки, Комисијата за контрола над работата на службата за државна безбедност и Комисијата за образование, наука и култура.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Цветан Јовчевски.

IX/6.-

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Дами и господа пратеници, јас ќе се задржам само на еден член на Комисијата за контрола над Службата за државна без- бедност. Мислам дека не е коректно Социјалдемократскиот сојуз да истакнува кандидат од причини што истиот тој кандидат има покренато во Собранието пратеничко прашаше. Понатаму против тој кандидат исто така има направено своевремено сообраќаен прекршок каде што ја има напуштено земјата, преселен е во друга земја, се со цел да ги избегне санкциите кои му следувале, бидејќи го прекршил законот и нормите во Република Македонија. Потоа се најдува и за стопански престап во фиоките едно обвинение кај моќниците од каде што доаѓа, па сметам за сходно кандидатот кој што го предлага СДС да најде соодветна за- мена да не биде тој во Комисијата за СДБ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам, да крене рака?

(Префрлање од место за кој пратеник се работи).

Ве молам претресот го заклучивме, а претходно јас прашав дали некој бара збор.

Кој е за Предлогот на одлуката молам, да крене рака?(60)

Дали е некој против?

(Префрлање од место)

Ве молам кога го

Ве молам лога заклучуваме претресот треба да се јави некој и да образложи зошто ќе гласа и како ќе гласа, немојте така сега

IX/7.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас прашав отворено и сега кога јасно кажав дека не сакам да го поддржам предлогот за господин Алил Џаферовски, кажувам и зошто. Дали причините што ги изнесе господинот Цветан, јас незнам, јас ќе говорам за она што имам документ пред себе.

Господа, дали тој не е или е, тоа е друго прашање. Меѓутоа најтешкото прашање што да се појави во една држава е ако лично тој или член на семејство се занимава со недозволена трговија и тоа со најтешкиот елемент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте Ве молам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете. Ако се работи ...

(негодување во салата)

Господа ако сакате да останете во тајна поради вистината јас ќе си одам. Меѓутоа, вистината мора да ве боли.

Во што е работата. Јас по кој случај имам една одлука односно постоечко обвинение на Окружниот јавен обвинител во Битола во кое јасно и гласно стои дека Аладин Џаферовски од татко Алил, а тој Џаферовски Алил татко на ова момче е кандидатот сега за кој треба да се гласа за внатрешна контрола. (негодување од место)

Јасно ми е што значи на некого да му префрлаш за извршено кривично дело. Овде се говори за една работа , ова момче по тврдењето на Јавното обвинение стои дека е организатор на група која што се бави со набавка и растурање на дрога.

Господа, јас не сакав да говорам друго. Ако случајно пред мене ја немав одбраната на Алатин во која сам признава дека служејќи на

армијата дознал....

(Бурна реакција и негодување на дел од пратениците).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам не е ова суд.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа од ова говорница господинот Стево Црвенковски говореше дека наводно нашиот претседател се занимавал со трговија на дрога.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, тој зборуваше дека наводно, ниту се бавел .

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСИ:**

Па Ве молам тоа не е тврдење од ВМРО-ДПМНЕ.- Ние не ја тврдиме таа работа, тоа го тврди оваа пресуда.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие кажете дали ќе гласате или не, тоа е ваше право.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас имам право да кажам зашто не гласам и ако се одлучам да не гласам зошто не гласам.

Дозволете сигурно на некому му е драго кога се говори арно, а му е тешко кога му се говори зло. Ова е зло. Ние не можеме да ставаме луѓе, да кажам , Парламентот да го известам дека не се знае во бел свет група која се занимава со набавка и растурање на дрога да биде да биде пуштена да се брани од слобода. Тоа судот во Битола го направил и сега навистина , ако не е вистина, ако сакате еве го решението за пуштање на слобода.

(Негодување на дел од пратениците што има врска тоа)

Па, има врска човекот да не може да биде член на таа Комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Никола Поповски. Сака да постави процедурално прашање.

X/1 JM/СЛ

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ние расправаме за одлука за избор на член на Комисијата за контрола на работата на Службата за државна безбедност и мислам дека е многу добро сите кои ја користат оваа говорница да се задржат на она што е предмет на одлуката, затоа што е недостојно да се бавиме со проблеми како на пример чиј татко слугувал на бугарскиот окупатор или слично. Со такви проблеми да не се бавиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега сме во постапка на гласање.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас имам процедурална интервенција. Господине претседателе, бидејќи постапката беше веќе во тек, односно се гласаше за, имаше најавувања за збор, но, некако тие беа превидени па потоа доби збор г-динот Томислав. Јас сакам исто така да кажам неколку збора во врска со престојното гласање каде што уште може да се гласа против. Иако сметам дека таквите изјаснувања кој како мисли да гласа треба да бидат пред да се гласа воопшто. Само што ако водиме принципи мораме да останеме на нив до крај. Јас во начело мислев да гласам воздржан бидејќи имаше такви индиции кои не зборуваат во прилог за тоа кандидатот, поточно пратеникот Алил Џаферовски да биде именуван за член на таа Комисија која се занимава со суп- тилни појави од безбедноста и важни за безбедноста на РМ. Но, после доживеаната реакција на пратениците од коалицијата ПДП и НДП при излагањето на пратеникот Томислав Стојановски во прилог на рушење на говорникот и јас ќе одам на позициите да гласам против. Едноставно дозволете, пет

минути ми стојат на располагање, не ги користам до крај, едноставно затоа што во Македонскиот Парламент не сакам да дозволам претставниците од коалицијата на ПДП-НДП да диктираат тон.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас не сакам да го обвинувам господинот Џаферовски, меѓутоа, ако е така како што се прочита пресудата, јас ќе гласам против, а и Џаферовски го молам да дојде тука и да го разјасни случајот, дали е таква пресудата и ако е таква пресудата значи самиот не би прифатил таква работа.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници бидејќи се работи за избор на член на таа Комисија каде што сум јас моментално сеуште претседател, морам да кажам дека во претходното гласање јас гласав позитивно, односно за. Меѓутоа, слушајќи го г-динот Томислав Стојановски за покажаното барање од Јавното обвинителство сум во дилема и сакам да напоменам дека ќе гласам воздржан сега при повторното гласање. А, што се однесува до тоа дали , трагедијата на Македонците беше во тоа да служат во бугарска, српска или грчка војска.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Сосема ми е јасно дека претседателот на ова Собрание е во голема мака, но секогаш при негова определба ја држи страната на опозицијата. Јас за ова ќе доставам писмено најсериозна забелешка. По гласањето за следи против и нема појавување на оваа говорница. И еден одговор. Толкувањата на г-дин Стојановски воопшто не треба никого да го возбудуваат. Не се зборува во ова Собрание за син Алаедин Џаферовски, се зборува за пратеникот Алил Џаферовски. Повелете

господа во текот на расправата не само за него, за сите во сите случаи кого што го интересира изнесете за, или против. Во прилог на неговиот избор, или против неговиот избор, а со подземна удбашка политика да не се занимавате во ова Собрание.

Што се однесува до тоа дали ПДП ќе диктира во Собранието, или не, јас сум за тоа камо таа среќа да диктира за добри и пози- тивни работи. За тропања јас не сум. Вложете малку напори да се навикнете и на тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е против молам да крене рака?(19 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање?(6 пратеници).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на Комисијата за општествен надзор и претставки, Комисијата за контрола на работата на Службата за државна безбедност и Комисијата за образование, наука и култура.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Барам поединечно да се гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има 10 пратеници, кои што го поддржуваат предлогот за поединечно гласање? (Да)

Молам, поединечно да се гласа.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

(Го чита списокот на пратениците).

(прилог).

X/4

**С П И С О К**

**на пратеници во Собранието на Република Македонија според азбучен ред на презимињата**

1. ФАИК АБДИ (за)
2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА (за)
3. ЕШРЕФ АЛИЈУ (за)
4. ХАМИТ АЛИУ (за)
5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ (против)
6. СТОЈАН АНДОВ (за)
7. ТИМЕ АНДОНОВ (за
8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ (не е тука)
9. НИЈСОЛА АПОСТОЛОСКИ (не е тука)
10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ (не е тука)
11. ДРАГИ АРСОВ (против)
12. БРАНКО АРСОВСКИ (за)
13. ДУШКО АРСОВСКИ (за)
14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ (за)
15. ЈОРДАН БОШКОВ (против)
16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ (против)
17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ (не е тука)
18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ (против)
19. ПЕТАР ГОШЕВ (за)
20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ (против)
21. САНДЕ ДАВЧЕВ (за)
22. РАТКА ДИМИТРОВА (воздржан)
23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ (не е тука)
24. ТОДОР ДИМОВ (за)
25. ДОСТА ДИМОВСКА (не е тука)
26. БОРКО ГОРЧЕСКИ (против)
27. ДУШКО ГОРГЕСКИ (за)
28. ПЕТАР ГОРГИЕВ (за)
29. ЗУДИ ЕМИНИ (за)
30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ (за)

31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ (против)
32. НАСЕР ЗИБЕРИ (за)
33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ (за)
34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ (за)
35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ (против)
36. ИВАН ИВАНОВ (не е тука)
37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ (не е тука)
38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ (не е тука)
39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ (за)
40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ (против)
41. РИСТО ЈОВАНОВ (воздржан)
42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ (против)
43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ (за)
44. ТАШКО КИРОВ (против)
45. ЗОРАН КИТЕВ (не е тука)
46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ (против)
47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ (за)
48. ГОРГИ КОТЕВСКИ (не е тука)
49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ (не е тука)
50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ (воздржан)
51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА (не е тука)
52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ (против)
53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ (против)
54. ЕФТИМ МАНЕВ (воздржан)
55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ (за)
56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА (не е тука)
57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ(за)
58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ (за)
59. СТРАШО МИЛКОВСКИ (за)
60. ПАНЧО МИНОВ (не е тука)
61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ (за)
62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ (против)
63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ (за)
64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ (за)
65. АВДИ МУРТЕЗАНИ (за)

66. НАИФ МУСТАФА (за)
67. ПАНЧЕ НАСЕВ (за)
68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ (не е тука)
69. СИМОН НАУМОСКИ (не е тука)
70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ (против)
71. ЈОВАН НИКОЛОВ (за)
72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ (за)
73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ (против)
74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ (не е тука)
75. ТИТО ПЕТКОВСКИ (за)
76. ТОДОР ПЕТРОВ (воздржан)
77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ <не е тука)
78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ (за>
79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ (не е тука)
80. КИРО ПОПОВСКИ (за)
81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ (за)
82. НИКОЛА ПОПОВСКИ (за)
83. ШАБАН ПРЕВАЛА (за)
84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ (не е тука)
85. ИСМЕТ РАМАДАНИ (за)
86. ИВАН РАМБАБОВ (за)
87. ШУКРИ РАХИМИ (за)
88. ФЕРИД САДИКУ (за)
89. НЕИМ СЕЛМАНИ (за)
90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ (за)
91. АЦО СПИРОВСКИ (не е тука)
92. РИСТО СТАМЕНОВ (не е тука)
93. РИСТО СТАНКОВСКИ (за)
94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ (против)
95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА (за)
96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ (за)
97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ (за)
98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ (против)
99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ (воздржан)
100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ (за)
101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ (за)

102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ (не е тука)
103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ (против)
104. БЛАГОЈ ТОШЕВ (не е тука)
105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ (за)
106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ (не е тука)
107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ (не е тука)
108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ (против)
109. АГИМ ФАЗЛИУ (за)
110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ (против)
111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ (за)
112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ (за)
113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ (за)
114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ (не е тука)
115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ (за)
116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ (за)
117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ'(за)
118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ (не е тука)
119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ (не е тука)
120. ХИСНИ ШАКИРИ (за)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Осумдесет и седум пратеници се присутни, од кои 61 пратеник гласал "за", 20 пратеници гласале "против" и 6 пратеници "воздржани".

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на Комисијата за општествен надзор и преставки, Комисијата за контрола на работата на Службата за државна безбедност и Комисијата за образование, наука и култура.

Поминуваме на **точка 80 -** Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за именување директор на Републичкиот завод за вработување.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Дами и господа пратеници, мислам дека и овој кандидат кој што конкурира за директор на Републичкиот СИЗ за вработување моментално би требало да се оспори, односно додека не се реши судскиот спор кој е заведен по ХП од 19 93 година. Тужбата е против Николина Цветковска, која конкурира како директор на Републичкиот СИЗ за вработување. Мислам не би требало да и се даде доверба се дотогаш додека судот не ги разреши тие проблеми. Ние имаме еден куп досиеја за нејзиното неправилно работење каде што има граѓани од други држави се вработувани покрај тоа што ги исполнуваат сите други услови, односно да се државјани на Република Македонија. Тука ги имаме документите. Имајте го тоа во предвид господа пратеници-,- па останува на Ваша совест како ќе гласате.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Мислам дека повторно ќе почнеме и не би сакал да се отвори повторна расправа и да навредуваме никоја личност. Дали има покренато постапка или не, при избор на секој директор има законски норми дали е осудуван и дали се води постапка против него. Ако се води тогаш и Комисијата не ги прима воопшто документите. Ако во текот на неговиот избор или ако во текот на работата се установи дека тој неправилно работи и не може да биде повеќе директор, па нека биде и 5 дена директор, ако згрешил и ако имал факти тој да се разреши, ова Собрание ќе го разреши, така што ние не можеме да чекаме некои судски одлуки и да прејудицираме некоја судска одлука. Ако судот донесе олука дека не може да биде директор, тогаш ќе го поставиме на дневен ред и ќе го разрешиме. Зошто сега да прејудицираме некои одлуки?

Предлагам ние повторно да дадеме позитивно мислење односно согласност на одлуката за именување на директор на Републичкиот завод за вработување, а во случај ако донесе судот некоја одлука дека таа не може да биде повеќе директор, ќе ја разрешиме, тоа не е проблем.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Господа пратеници, ми се чини јас бев јасен и кажав дека спрема именуваната која конкурира на ова работно место има тужба која се води под реден бр. КП 94/93 година, поднесена од професор д-р Никола Ачковски од 4.1.1993 година. Спрема именуваната се води постапка и Комисијата што тоа го разгледувала дали го имала предвид ова или го немала, а господинот Давчев тврди, ако се води судски спор, требало да ги има предвид Комисијата за избори, односно таа Комисија која допушта. Меѓутоа, што сторила и како сторила комисијата не знам, јас ви кажувам и под кој реден број се води постапката.

XI/2

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Мислам дека е грешка што Комисијата за избор и именувања оваа предлог одлука ни го достави нам како Парламент. Ова што го кажа господинот Јовчевски е една работа, но јас морам да им укажам и на координаторите на пратеничките групи дека пред неколку месеци бевме посетени од една група вработени од таму и ни беше поделен материјал во кој што на многу опширен начин беа искажани огромен број неправилности при работењето на госпоѓата.

Затоа апелирам - јас незнам дали координаторите ги запознаа своите пратенички групи со тие материјали, но би сакал да апелирам да не прејудицираме со одлуки туку оваа точка да ја одложиме за подоцна откако ќе се расчистат работите околу оваа личност.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Јас не се согласувам со пратеникот Михаил Пановски, бидејќи е ден за избор на криминалци и така нека продолжи, нека се изберат овие што се ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, приберете се, немојте така.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, денешнава седница околу даваше согласности односно давање на мислења по избори некако ни крена многу лошо и ние за повеќе луѓе за кои денес требаше да се произнесеме на некој начин формиравме спрема јавноста многу лоши впечатоци. Од тие причини, за конкретниот случај сакам да кажам дека ние не би требало да се осврнуваме на одделни случаи, особено за случаи за средината која истакнува одредени поплаки или жалби на работењето на одделни раководители, бидејќи во секоја средина на одредени раководители може да се прават соодветни забелешки, меѓутоа, битно е кој ја донесува одлуката или кој орган е надлежен да ги донесува соодветните одлуки по однос на распишани

конкурси како што е во конкретниот случај.

Од тие причини, мислам дека не би требало да се прават погрешни впечатоци за предметот за кој расправаме, од тие причини заради задржување на достоинството на одделните личности кои се предмет на ваквите наши произнесувања, сметам дека треба да бидеме доста внимателни. Во конкретниот случај мислам дека особата многу успешно ги извршуваше работите во досегашното време и од тој случај сметам дека денес треба да се произнесеме позитивно онака како што кажа и самиот член на комисијата, каде веројатно сите овие елементи биле присутни при давањето на мислење од страна на Комисијата, а особено што во ова наше тело седат претставници од сите политички партии, а како што сум информиран ниеден од претставниците на овие партии не дал негативно мислење. Од тие причини, предлагам позитивно да се произнесеме по дадениот предлог од страна на Комисијата.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Навистина вчудоневидувачки делува инсистирањето на одделни пратеници овде некои работи да се прикажат на начин на кој се прикажуваат пред ова Собрание.

Прво, ако е неспорен фактот дека некој завел работен спор по конкурсот за избор на директор по предметот по кој разговараме овде, тоа не значи дека треба да биде причина за ова Собрание да не одлучува да даде согласност по таа одлука, и до колку тој спор се наоѓа пред суд. До колку се донесе правосилна пресуда по таквиот спор, нормално е дека ќе следат правни последици и таа одлука ќе падне во вода или можни се неколку варијанти да не ги објаснувам, но ние да претпоставуваме сега ситуација ваква или. онаква по судбината на работниот спор и за тоа да ја одлагаме расправата по предметот, мислам дека тоа е недсиаволено. Тоа е недозволено од неколку причини.

Првата причина е што спорот може да трае неколку години, на начинот на кој може да се користат правните средства и некој свесно да прави узурпација на ова Собрание да не може да се искаже по таа состојба. Со самиот факт на тоа што на некој учесник во конкурсот му е дадено право да ги заштити своите права и тоа право да го користи тој и неосновано, процедурално може постапката да ја влече две или три години, а до тој момент тоа правно лице да виси во воздух без директор или директор без утврден статус, а тоа се подразбира без раководно лице за состојби за кои треба да се раководат и управуваат. А втората и чиста ситуација е таа ситуација, доколку се донесе правосилна пресуда, тогаш се знаат последиците. Таа пресуда ќе се изврши и ова овде што ќе биде дадено, дадена согласност од ова Собрание и таа ќе биде под удар на таа пресуда што треба да се донесе. Во никој случај не смееме да дозволиме ваков начин на кој се расправа да ја одлагаме расправата, со тоа што некој од кандидатите поднел предлог до Судот за заштита на некои свои права. Тоа е првата работа.

Втората работа, која сакам со задоцнување да ја кажам и се обраќам директно до претседателот на Собранието, мислам дека претседателот на Собранието беше должен во претходната расправа да го заштити дигнитетот на луѓето и лицата за кои овде се распра- ваше, од причини што сите сме должни да го почитуваме Уставот. Јас ќе потсетам, член 13 став 1 вели: "Лице обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука". Што значи тоа? Тоа значи дека принципот на презункција на невиност е воспоставена и со нашиот устав, а ние сме должни да го почитуваме, а должен е и претседателот на Собранието во услови кога некои пратеници овде инсистираат дека некои лица имаат вакви или онакви обвинителни акти. Жалосна е состојбата дека еден колега правник, адвокат со 50 годишна авокација се повикува на обвинителен акт за вина на некое лице.

XI/5

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Немам друга намера да му заблагодарам на Наќе Стојановски што станав 50 години адвокат, за толку навистина немам години и што е најбитно, ако беше достоен да ме дослуша што ми беше намерата во излагањето, јас не дојдов да го оптужувам дотичното лице дека тој направил нешто, ми беше збор да кажам се именува тоа и тоа лице, Алија Џаферовски да биде член на Комисијата за надзор...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Со тоа завршивме ние. Ве молам, ^ва не е судница, донесување се како пратеник.

(Во салата повеќе пратеници реагираат од место).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Една работа. Јас незнам што требаше да направи Наќе Стојановски па да го отстраните од овде. На мене ми замерува дека нечие достоинство сум навредил. Не. Јас не говорев за нечие достоинство, јас говорев дали тоа лице ќе може да биде достојно да врши функција во Комисија за надзор на внатрешни и тоа на државна без- бедност кога се работи негов син да треба да одговара за ова кривично дело. Да, и тоа е проблем, а не е проблем дали јас некого ќе навредам или не. Јас на него не му реков ништо.

(Претседателот со ѕвончето се обидува да го смири немирот во салата).

Господине претседателе, дозволете ми, еднаш оставете го ѕвончето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Како ќе го оставам ѕвончето, вие дојдовте за реплика. Се врши репликата, таа е 2 минути.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Репликата се однесуваше за тоа дека за 50 години не сум можел да научам кога се напаѓа некој. Јас не сум научил затоа што оваа страна (покажува на десната страна) има два пати повеќе рака да дигне, а не од друго оти тие знаат. Само имаат сила на повеќе раце.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Господа пратеници, сакам да го изразам својот протест по повод денешната седница, на која што на некој начин сите учествуваме во неа. Сметам дека треба дигнитетот и на Собранието да се зачу-
ва и на пратениците тука, но исто така сметам дека дигнитетот треба да се зачува и на оние луѓе кои ние како законодавна власт сме надлежни или да ги избираме или да даваме согласност. Ние можеме да ги избереме или да не ги избереме. Можеме да дадеме согласност или да не дадеме согласност, но сметам дека дигнитетот на луѓето и достоинството треба да го зачуваме, без разлика од која партија е, без разлика од која националност е, без разлика на која верска припадност припаѓа.

Мислам дека ова Собрание презема работи кои не се негова надлежност. Мислам дека ова Собрание денес се претвори во една судница, мислам дека денес не бевме прав законодавен дом, мислам дека беа изречени такви зборови кои навистина, не сакам да зборувам конкретно за личноста, еве, за оваа точка на дневниот ред, но сакам да укажам дека треба дигнитетот и нашиот и на оние луѓе што ги избираме да го зачуваме.

И уште едно да кажам. По се изгледа, тешко на оние кои треба ние да ги избираме и тешко на оние за кои ние треба да дадеме согласност.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, добар дел од мислите госпоѓата ми ги одзеде а и претходниот дискутант. Меѓутоа сепак би сакал да нагласам и јас. Честопати со полувистини или невистини се прилепуваат, ќе бидам малку невообичаен за мојот израз, лаги на поединци и граѓани на Република Македонија. Велам лаги бидејќи ние сме тие кои овој Устав го донесовме, а во тој Устав запишавме она што господинот Наќе го прочита дека ќе бидеме правна држава и се додека не кривично дело, не јавно обвинение туку се додека правосилна одлука не се донесе од суд, човекот е нивни. И никој нема право да го оптужува. Ништо ново не кажав што господинот Наќе не го кажа, но јас станав да го искажам следното: Било каква определба денес на Парламентот конкретно за кандидатот што е сега може битно да влијае на судското одлучување, особено ако одложиме да расправаме за нејзино именување. Тогаш самиот судија и судскиот совет или било кој што ќе одлучува по предметот ќе води сметка, мора да води или по службена должност нема да води сметка, меѓутоа, ќе биде оптоварен дека Парламентот изразил резерва или како што вообичаено некои велат - беше група кај нас и кај сите парламентарни групи. Во парламентарната група на Социјалистичката партија никаква група не дојде да разговара. Се изнесоа бројни забелешки. За тоа некој мене да ми го каже кривично ќе го гонам на суд, јавно на оваа говорница да каже дека за мои слабости и пропусти или незаконитости група дошла и тој овде на јавна говорница да го каже, а без да ги каже кои се тие неправилности, кои се тие злоупотреби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не разговараме овде за тие неправилности.

XI/8

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Мислам дека без аргументи да се фрла и да се доведува одредена личност во она за што говореше госпоѓата навистина правиме капитални грешки и мислам дека сепак непознавањето на правото, тоа е еден од другите основни принципи, не го ослободува од одговорноста било кој член. Според тоа, ако се определиме за устав, за граѓанско општество, правна држава, дајте кон тој закон подеднакво сите да се однесуваме. Да не прогласуваме виновник уште без да се докаже било чија вина, бидејќи секој од нас може да биде во таква ситуација во која сега ги ставаме поединци во денешната расправа. Од тие причини, дајте да говориме за моралниот лик, дали тој човек ги исполнува условите, дали сите структури кои учествувале во процесот на оценување на тие кандидати позитивно се изнеле или не или ако имаме за- белешки да кажеме кои се тие конкретни забелешки на кандидатите и врз база на тоа да дискутираме дали може успешно да ги носи тие проблеми или не. 1

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само да укажам. Јас овде никого не можам да штитам, јас ја штитам само постапката, процедурата. Опозицијата е таа на која и е основна цел да руши личности. Тоа е нормално. Во секој Парламент е така, апозицијата е таа што треба да си најде аргументи луѓето да поминат, решенијата да поминат. Претседателот не може да се става на страната на едни или други. Како пратеник може да гласа.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници, без разлика кој овде се буни повеќе, дали позицијата или опозицијата, јас морам да ви признаам една вистина, моја вистина. Оваа ситуација ме врати 25 години назад и вие

што сте пратеници на ВМРО-ДПМНЕ се боревте, се изборевте заедно со сите да имаме еден нов систем, систем на правна држава каде што владее правото за сите подеднакво од најмал до најголем. Јас едно време немав 5 години пасош за измислена приказна, се водеше 5 години спор за да не можам да бидам на некое место. Дали тоа сакате вие да го правите сега? Дозволете Судот нека одлучи, нека донесе право- силна пресуда, тогаш тоа е тоа. Немојте да се служите со ова. Тоа беа стари методи. Не сакав понатаму да зборувам. Благодарам.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Не би сакал лично да се обратам до претходниот дискутант, но ме загрижи апелот на пратеникот на колешката наша до една група пратеници овде околу тешките зборови кажани за двајца - тројца кандидати колку беа овде, да ми прости колешката.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ**: (продолжение)

Да ми прости колешката за овие две години тоа што го слушав, тоа што го читавме во нашиот печат, што го слушавме на телевизијата, почнувајќи од фашизам, расизам, ве молам кај беа тогаш вашите зборови да апелирате до вашите информациони средства тие сепак ваши,а не се на опозицијата. Уште еднаш ако вие сакате да ме реплицирате мене, околу вашето мислење и околу вашиот предлог, ве молам да се обратите до вашиот печат, како и до Теле- визијата, вашата телевизија. Јас сум доживеал после мое^о излагање од страна на информативните средства да бидам наречен силеџија, па не се чувствувам, лично бев навреден, но сепак не се чувствувам увреден. Сепак трева да му се заблагодарам што ме нарече силеџија. Тоа сакам да ви го пренесам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитувани пратеници, свесна сум дека мојот глас, навистина, нема никакво значење, одлучувачко значење, дека што ние овде имаме коалиција која може да го избере или отфрли кандидатот. Меѓутоа, мислам дека внесуваме непотребна патетика во сите овие случаи, па и во конкретниов. За мене единствено е значајно, дискутирам во принцип, што има некаква судска постапка во врска со конкурсот. Со самото тоа што има судска постапка, а исто така во нашиот Устав пишува дека нашето судство е независно, па мислам дека овој Парламент, ако веќе беше речено од еден дискутант, може да влијае на одлуката, меѓутоа во позитивна конотација да ја спречи судската постапка, или пак да не ја спречи судската постапка со тоа што ќе го потврди кандидатот, па таа судска постапка да оди во недоглед две или три години, со само тоа судство, бидејќи вели во старт дека таа одлука, односно постапката

може да се одолговлечи, за мене беше најповолно, самата комисија бидејќи би имала предвид тоа нешто, овој Парламент да не го става во незавидна состојба и одлуката да почека до некоја следна точка. Ова што сега се прави, мислам дека навистина е непријатно за Парламентот бидејќи прејудицирањето и ставањето на оваа одлука на гласање, лошо му правиме и на самиот кандидат, меѓутоа, и на судството, за жал.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Стравот од две или три години ќе трае спорот околу правото на еден или друг кандидат, Собранието не треба да го загрижува. Собранието треба да го загрижува дали, ако дадеме согласност за овој или за оној кандидат со негативна пресуда,, ќе добиеме и ние црвен картон. Да ви кажам што е, одлуката на судот во што се состои. Ако за нешто гласате или нешто предлагате, нормално е оној што се залага за нешто ќе треба да ја знае содржината на пресудата. Содржината на пресудата може да биде само оваа - се поништува изборот на кандидатот. нема да каже друг ставете го овој а не оној. Значи се почнува одново. Ако се донесе таква одлука, на кого ние ќе дадеме согласност. И размислувањето околу опортунитет да се сочека да има содржинско значење одлуката на Собранието за давање на согласност, јас само така го подразбирам, а не дали сега треба или не треба да се даде согласност. Само дали ние ако дадеме согласност ќе потврдиме избор на кандидат кој ќе добие и судска потврда, или не. Ние во тоа не сакаме да се впуштаме воопшто. Една е работа, пак ќе кажам нема врска, не се впуштајте во таа работа, меѓутоа ова кој го тврди? Го тврдат луѓе кој не се занимаваат со правото.

XII/3.-

(Реакции од пратениците и напуштање на салата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам уште малку причекајте, имаме уште една точка и после ќе прекинеме.

(Гласни реакции)

Ве молам стрпете се уште малку. Седете уште малку,

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, па јас незнам некој сака и да владее а да не мисли. Ако сакаат да си одат, па не може да владеат така.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Стојановски вие продолжете со дискусијата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Затоа сум јас за определбата начелно, ние да дискутираме што ќе постигнеме со тоа ако дадеме согласност од Собранието.

Дали утре, не после три години како се залагаше колегата Стојановски дека ќе трае процесот, туку на први мај да биде се готово. Во тој случај ние ќе мораме веднаш после први мај пак овде да заседаваме. Тогаш кој кого ќе го наоѓа за виновен, кој на кого ќе приговара, кој кого ќе го одобрува.

Господа видете што, во предлогот јас сакам да предложам на Собранието да го одложи поради оваа причина, да ни ги даде поблиските податоци на кандидатот, кога, што работел, кои се тие услови, што имало кај другите кандидати што учествувале на конкурсот а комисијата ги одбила а тогаш да одлучуваме дали ќе му дадеме на овој, не станува збор за избор на комисија туку дали ќе дадеме ние согласност на предложениот кандидат. А согласноста се прави како? Се врши анализа на сите работи што се, сите околности за и против, а не само позитивните. Ако сакате да оваа госпоѓа јас немам против ништо ниту ја

знам која е и што е, ниту сум се занимавал со тој дел од животот на државата, мене ми е сеедно кој ќе биде ако е во таа сфера. Меѓутоа даваме можност пак да гласате како машина.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Во врска со тоа дека некој ја става под сомнение одлуката на начин дека ова собрание треба да даде согласниот, правниците што се тука знаат дека постојат неколку институции, дека предмет на согласност ова е конечна одлука, што ја донеле надлежните органи во врска со избор на раководен орган таму. Судската заштита е во нашиот домен и никој не треба да ја коментира, ниту од оваа говорница ниту пратениците треба на некој начин тоа да ги тангира. Таа одлука што ја донеле надлежните органи во Заеницата за вработување, битно дека е конечна. Тоа Комисијата за избор и именувања го утврдила. Затоа предлагам во ова Собрание да се постапи на начин како се предлага да се даде согласност. А за правни последици од судска расправа што можат да настанат, тие може да настанат мимо наша волја и во никој случај не може да биде предмет на расправа во Парламентот, ниту да биде од некаков факт што ќе влијае за дигање или не дигање на рака или воздржување.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Ова е доста суштествено прашање во опстојувањето на коалицијата. Само може да им изгледа на наивните целата оваа упорност за изгласување на оваа одлука. Господинот Киро Поповски бараше да се кажат неправилностите во работењето. Јас ќе укажам на тоа што сум го добил како пишан материјал, незнам колку е тоа вистинито, но барам ова што ќе го кажам да се испита, па Владата нека даде, ако има храброст , бидејќи досега коалиционата Влада ништо не

дала на пратеничките барања, на пратеничките прашања, едноставно како да не постојат. Затоа ова го кажувам со единствена намера да влезе во стенограмот, само со таа намера, зашто знам сте решиле ќе го гласате, нема проблем.

Зошто ова прашање е толку битно за опстојување на оваа коалициона Влада? Сега ќе ви кажам конкретно. Тука се во прашање огромни финансиски средства, да господо, вие тоа многу добро го знаете, на социјална помош на лица кои не ја заслужуваат таа социјална помош, на лица кои што не се жители, на лица кои што не се државјани на оваа држава а! примаат огромни суми социјална помош. Дајте да видиме само за еден месец колку пари одат на име на таа социјална помош. И дали оваа госпоѓа што сега, нека ми извини сеуште е таму, сеуште владее и има сигурно свој придонес за оваа работа и затоа е, тоа што го велам, ова е суштествено прашање, за опстојување на оваа коалиција. И дали, имате вие право, вие како коалиција на овој начин да се оштетува целокупното население во оваа држава, што заслужуваат да се државјани што заслужуваат да се граѓани на оваа држава. Тука не зборувам за националности. Ајде, нека даде Владата една информација. Јас неколку пати барав за разни работи од Владата а таа се однесува како човек ништо да не бара. Нема проблем, но во предизборната кампања ќе треба Владата да се соочи со сите тие барања што и беа побарани, а што не најде за сходно на нас како пратеници да ни одговори. Нека каже само за еден месец колку пари е дадено на име социјална помош и дајте да видиме дали тие граѓани заслужуваат да ја добиваат таа социјална помош, а одат огромни средства пари.

XII/6

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, прво нешто лично, јас газди немам. Овдека сум по волја на бирачите, не по своја, нормално и јас тоа го посакував само што на нашиот млад колега треба да му кажеме дека пратениците имаат свој личен суверенитет и дека тоа е запишано во Уставот . Мене лично не ми претставува предизвик никаде да настапи ниту на трибина, да не кажам сега пред кого, ниту на некоја прес конференција. Овдека сум затоа што има државен интерес во тоа. Јас вложувам свое време. Време доделено од создателот на светот, а не од бившата партија или од сегашните партии. И кога веќе сум тука и се обидувам да не упаднувам, да не ве иритирам вас, не сакам и јас да бидам на сличен начин погодуван.

Вториот аспект ние имаме некаква спогодба да работиме до 17,00 часот. Тоа што почнуваме редовно подоцна од 10,00 часот е посебно прашање. Сега веќе можеби е и триесет минути после 17 часот попладне а ние опстојуваме во тоа. И тоа многу не ме загрижува. Најмногу мене ме загрижува, а тоа настојчивоста и покрај забелешки покрај изнесени забелешки, делумично потврдени со факти, делумно потврдени со сомнежи, упорно да се издејствува назначување на лицата чии што дигнитет, чие што достоинство во самата постапка, сепак, било згазено, достоинство на личности. Мене ни најмалку не ми е мило што доаѓа до вакви ситуации. И сега повторно една наша сограѓанка јас не го знам името и презимето, но ете една функција или врши должност директор на Заводот за вработување или на СИЗ-от и тоа е една од кардељевските фостули , сега ете она е на ред. А стара изрека е не чини зло на својот сограѓанин бидејќи тој е дел од државата. На посреден начин и се штети на државата. Достоинството на нашите граѓанки и граѓани систематски се газеше и пред изборите и пред плурализмот и потоа. Прашање е на мерка што сакаме да ја примениме во нашето негодување.

ОД МЕСТО **МУХАМЕД ХАЛИЛИ**:

Не е тоа на дневен ред што зборуваш.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Да, да господине Мухамед Халили, узурпирано е многу што во самата постапка, со најмала доза на осет, на чувство за една правна држава. Се повлекуваат ваквите предлози од постапка. Тоа е . Но во услови каде што еве и прокламирано извесна структура сака сета власт да ја преземе кај себе, а заборава дека е тоа неможно, барем не според словот на Уставот, во такви услови еве ќе одиме и по цена на паѓање на угледот на поедини граѓанки и граѓани. Затоа велам за мене не е прифатливо ова опстојување и овој начин на работа Мене ми е жал што ќе би повторам. Јас нема кому друг да му повторувам. Јас нема да одам по трибини, ова е тој дом каде што ние добиваме збор. Јас гласав за тоа точките од именувања или разрешувања да влезат пред време во разгледување, само затоа што не се спорни односно тие од нив неспорни, но еве ние успеавме и овој ден и покрај сета наша грижа за финансиските текови за стопанските движења во Републиката, цел ден да го изработиме, горе долу во нагодување кое лице, кога што сторило а што не. Затоа мислам дека најцелисходно ќе биде ако комисијата за избори и именувања, или како се вика, како и е називот да го повлече предлогот и на достоинствен начин да биде предложен повторно.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас немав намера да се јавам, меѓутоа сакав да појаснам една работа, бидејќи ќе остане дилема. Господинот Пановски спомна за огромни средства што се трошат за одредена социјална помош.

**БРАНКО АРСОВСКИ**: (Продолжение)

Сакам да Ве информирам Вас пратеници, дека Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика своевремено донесоа своја социјална програма. Таа социјална програма ни беше презентирана и ние бевме запознаени информативно, иако за неа не дискутиравме. Немаше потреба тоа да се дискутира. Во таа децидна програма се донесе конкретна Одлука за острвување на социјално заштитното право на повеќе граѓани од Македонија, а се работи за следните:

Право за користење, како социјално заштитно право, според таа одлука беа корисници на основните права од Законот за социјална заштита и тие го користеа тоа право преку Центрите за социјална работа.

Втората категорија, тоа е категоријата на пензионери на кои им е нарушено тоа социјално заштитно ниво до одредено ниво, користат дел на пензионери преку СИЗ-от односно Фондот за ПИО. Тоа е втора категорија.

Трета категорија, што е битно и што се спомна овде, што е делокруг на расправата... (интервенции во смисла на дофрлувања од страна на пратениците)... Ма, ти се брзаш. Јас морам да го кажам тоа. Па, оди си човече...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тишина, Ве молам за тишина.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас, во таа смисла сакам да кажам дека сите лица кои се пријавени преку Заводот за вработување како способни граѓани,меѓутоа

спречени да се вработат поради општествени причини, не лични, туку општествени причини, а немаат материјални средства, ги користат овие средства, според оваа Одлука како Одлука за социјално заштитно право. Значи, во таа смисла.

Меѓутоа, кој лица сега користат, сепак критериумите се определени во оваа Одлука. Дали има промашај одредени лица да го користат тоа право, а не го имаат тоа право, нормално треба Министерството за труд и социјална политика конкретно да провери.

Во таа смисла, тоа е објаснување за тие средства....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го појаснивте тоа.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Да, појаснив.

Втората работа, сакам да кажам конкретно кога се работи предложениот кандидат, за директорот за Заводот за вработување е следното, дека е во тек изготвување на законот за вработување, во тек е законот за изготвување на работните односи, во тек е трансформацијата во однос на организација на целокупната служба на Заводот за вработување и икс други активности, во кој активности токму овој кандидат, предложен од соодветната Комисија е вклучен во градење на овие закони и во организационата шема на Заедницата за вработување.

Во таа смисла, мислам дека треба во овој момент да ја поддржиме кандидатурата за да можеме на некој начин да го обезбедиме тој континуитет во однос на тоа што беше обезбедено.

XIII/3.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот .

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Само Ве молам пред тоа да се утврди дали имаме кворум.

Службите да информираат колку пратеници се присутни во салава.

Информиран сум дека во салата се присутни 65 пратеници.

Кој е за, молам нека крене рака? (53)

Кој е против? (7)

Дали некој се воздржува од гласањето? (5)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за именување директот на Републичкиот завод за вработување.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Од причини што се сомневам во бројот на гласовите, барам поединечно гласање, а и од причини да се знае кој гласал за оваа одлука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има 10 пратеници кои го поддржуваат предлогот на Михаил Пановски?

Молам, кој го поддржува предлогот на пратеникот нека крене рака? (6)

Бидејќи само 6 пратеници го поддржуваат предлогот заедно со Вас, предлогот на се прифаќа,

Ќе продолжиме со работа утре во 10 часот со точката 81.

(Седницата прекина со работа во 17,45 часот).